*Бранко Панов*

# ИМУНИТЕТОТ И ФЕУДАЛНАТА РЕНТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО XI И XII ВЕК СПОРЕД ПИСМАТА НА ТЕОФИЛАКТ ОХРИДСКИ

## I

Во XI и XII век, за време на византиското владеење, освен консолидирањето на крупниот земјопосед и формирањето на феудалната зависност, во Македонија почнал да се развива и имунитетот[1]. Под имунитет се подразбира збир на административни, финансиски и судски права на феудалецот[2].

Писмата на Теофилакт Охридски, напишани кон крајот на XI и почетокот на XII век, содржат повеќе изворен материјал, кој во некои

[1]. За развитокот на имуниттот во Византија постои опширна постара и понова литература. Од постарите автори заслужуваат да се споменат: П. Яковенкс, К истории иммунитета в Византии. Юрев 1908, стр. 55 сл.; К. Н. Успенский, Экскуссия — иммунитет в Византийской империи. Византийскй временик, XXIII (1917—1922) стр. 74 сл. Од поновите научници поголемо внимание на имунитетот обрнале: А. П. Каждан, Аграрные отношения в Византии XIII—XIV вв. Москва 1952, стр. 95 сл.; од истиот: Формирование феодального поместья в Византии X вв. Византийский ввеменик, XI (1956), стр, 121 сл.; истиот: Экскуссия и экскуссаты в Византии XI—XII вв. „Византийские очерки". Москва 1961, стр. 186 сл.: Б. Т. Горянов, Поздневизантийскй иммунитет. Византийский временик, XI (1959), стр. 177 сл.; од истиот: Поздневизантийский феодализам. Москва 1962, стр. 156 сл.; Г. Острогорский, К истории иммунитета в Византии. Византийский временик, XIII (1958), стр. 55 сл.; Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век. София 1958 ,стр. 123 сл.; од истиот: Въпроси на феодализма в българските земи през XIII—XIV век. Исторически преглед, г. XVI, кн. 6 (1960), стр. 72 сл.; од истиот: История на Византия, II. София 1963, стр. 143 сл.; М. М. Фрейденберг, Экскуссия в Византии XI—XII в. Учение записки Великолукского государственого педагогическото института, вып. 3 (1958), стр. 339.; од истиот: О феодальной вотчине в Византии XI—XII вв. Византийский временик, XVIII (1961), стр. 15 сл.; Г. Цанкова—Петкова, Феодалното земевладение в южните и югозападните български земи под византийско владичество. Известия на института за история. 8. София 1960, стр. 295 сл.; од истата: За аграрните отношения в средновековна България XI—XIII в. София 1964, стр. 77 сл.; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI—XII вв. Москва 1960, стр. 219 сл.; К. В. Хвостова, Некоторые вопросы истории иммунитетных грамот македонских монастырей в XIV в. Византийский временик, XIX (1961), стр. 38 сл.; Е. П. Наумов, Феудалниот имунитет по распаѓањето на Српското царство. Историја, г. V, бр. 2. Скопје 1969, стр. 43 сл.

[2]. Сп.: Д. Ангелов, Аграрните отношения. . ., стр. 123; К. В. Хвостова, Некоторые вопросы истории иммунитетных грамот. . ., стр. 38.

случаи е единствен, за следење на процесот на развитокот на имунитетот во Македонија. Во нив повеќе има податоци за финансиските привилегии што ги добивале феудалците во Македонија од византиската централна власт. Послаби се вестите за административно-судските права. Меѓутоа, и кратките податоци се доволни за да се согледа праксата како феудалците во некои случаи самоволно присвојувале административно-судски права. Во таа смисла Каждан е во право кога вели дека ,,развитокот на феудалниот систем на производство доведувал како во другите средновековни земји така и во Византија до узурпација на судството од страна на феудалците''[3].

Финансиските и административно-судските права што ги добивале феудалците во Македонија од византиската држава во преписката на Теофилакт Охридски се означени со терминот ,,ексkусија'' (ἐξκουσσεία)[4]. Суштината на ексkусијата сѐ уште не е разјасната во науката. Еден дел научници се изјасниле дека византиската ексkусија била слична со западноевропскиот имунитет[5]. Друг дел од научниците, пак, застанале на гледиште дека ексkусијата по својата суштина не покажувала вистински имунитет[6]. Според мислењето на трета група научници, реска граница меѓу ексkусијата и имунитетот не постоела[7].

Вестите од Теофилакт Охридски, како што ќе видиме, говорат во прилог на гледиштето дека некои суштествени разлики меѓу византиската ексkусија и западноевропскиот имунитет немало. Доколку постоеле некои разлики меѓу ексkусијата и имунитетот тоа се должело на специфичниот пат на развитокот на феудализмот во Византија. Според Липшиц, основите на византиската држава биле изградени ,,по типот на источната деспотија''. Императорот имал неограничена гвласт и се сметал за ,,наместник на бога на земјата''. Основите на ваквата држава биле поставени уште во првиот период од историјата на Византија. Суштината на таа држава останала непроменета во текот на сето постоење на Византија, независно од тоа во сојуз со кој слој од владеачката класа тргнале крупните земјосопственици. Карактерот на византиската држава бил централистички во текот на целата нејзина историја[8]. Ваквото изкажување на Липшиц го потврдуваат и податоците од Теофилактовата кореспонденција. Од вестите на Теофилакта се гледа дека византиската држава и во време на Комнените останала по својата суштина централи-

---

3. А. П. Каждан, Экскуссия и экскуссаты. . ., стр. 215.

4. Theophylacti archiepiscopi Bulgariae epistolae, edd. J. P. Migne, Patrologiae cursus completus. Series Graeca, t. CXXVI. Paris 1864, col. 448, B; 449, A. (Потаму: Theophyl).

5. В. Николаев, Феодални отношения в покорената от Византия България отразени в писмата на Теофилакт Охридски, архиепископ български. София 1951, стр. 117; Г. Острогорский, К истории иммунитета в Византии, стр. 95 сл.; М. М. Фрейденберг, Эскуссия в Византии XI—XII в., стр. 354 сл.

6. А. П. Каждан, Экскуссия и экскуссаты. . ., стр. 212 сл.; од истиот: Деревня и город в Византии IX—X вв. Москва 1960, стр. 179 сл.

7. Г. Цанкова—Петрова, Феодалното земевладение. . ., стр. 296; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI—XII вв., стр. 321 сл.

8. Е. Э. Липшиц, Об основных спорных вопросах истории рановизантийского феодализма. Вопросы истории, 6 (1961), стр. 110.

стичка. И во овој период од историјата на Византија императорот располагал со неограничена власт. Теофилакт известува дека императорот сам избирал луѓе за оние управни места кои имале потреба од неопходен надзор[9]. „Државниот ...свети... господар и цар"[10], вели Теофилакт, за да ги плаши одблизу непријателите" го оставал „чудниот Цариград и царските дворци и сврзаните со нив уживања", ги трпел полските незгоди а истовремено „по царски и величествено" ги управувал „земјите што ќе ги посетел, кога уредувал сè друго, а особено црковните работи". Во време на овие обиколки императорот секогаш водел со себе луѓе од централизираниот воено-административен апарат[11]. И од други изворни податоци на Теофилакт се дознава дека феудалците во Македонија имале потреба од силната власт „на државниот цар" за справување со опасните класни и државни непријатели[12]. Оттука, како световните[13] така и црковните феудалци[14] биле должни да ги исполнуваат наредбите на императорот.

Зајакнувањето на централната власт за време на Алексиј I Комнен (1081—1118) било причина феудалците во Македонија да не се здобијат со целосен имунитет, т. е. со неограничени финансиски, административни и судски права. Но, фактот дека со Комнените во Византија дошла на власт крупната провинциска аристократија говори за тоа дека феудалните институции станувале сè позначајни за органите од државната власт. Значи, сакала или не сакала, византиската држава го помагала феудализирањето на својот државен апарат. Ова, од своја страна, пак, овозможило со позабрзано темпо да се развива крупниот земјопосед, да се засили процесот на оформувањето на феудалната сопственост, а заедно со тоа да преминат, односно да се користат, извесни привилегии на државата за лични цели. Користејќи државни привилигии, провинциските државни органи во Македонија успеале постепено да се претворат во крупни феудални земјосопственици[15]. Тоа сето, пак, значело дека заедно со црквите и манастирите, кои се користеле со извесни права, и световните земјопоседници почнале постепено да ја отстрануваат државата да се меша во работите на нивните феудални стопанства. Теофилакт Охридски, на пример, соопштува дека световните феудалци толку многу се зајакнале што биле во состојба да го острануваат од нивните δεσποτικὰ κτήματα охридскиот архиепископ да го собира канониконот[16]. Од друга страна,

9. Theophyl., col. 413, C—D.

10. Ibid., col. 529, C.

11. Ibid., col. 497, B—C.

12. Ibid., col. 487, C—D; 517, C—D.

13. Ibid., col. 533, D—536, A.

14. Ibid., col. 344, B; 533, D—536, A.

15. D. .A. Xanalatos, Beiträge zur Wirtschafts-udn Sozialgeschichte Makedoniens im Mittelalter, hauptsächlich auf Grund der Briefe des Erzbischofs Theophylaktos von Achrida. München 1937, S. 58—59.

16. Theophyl., col. 512, A—513, A. Литаврин е на мислење дека овде станувало збор за феудалци што се користеле со финансиски имунитет. Тие често пати под своја власт имале и сопствени свештеници, па затоа немале потреба да бараат духовни услуги од официјалното духовништво на својата епархија (Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 361).

пак, претставниците на византиската власт, кои истовремено биле и крупни земјопоседници, иако од крајот на XI век биле доста самовласни[17], тоа сето не значело дека византиската централна власт во Македонија ослабнала. Напротив, за време на Алексиј I Комнен таа толку многу се зајакнала што била во состојба да ги сменува непослушните управници[18], да одзема имоти од световни и црковни органи[19], а едновремено, преку испраќање на „построги надгледувачи на работата”, да ги собира успешно државните даноци[20]. Што значи, во овој период византиската централна власт сè уште не ја испуштала од својата контрола општината која била база на византискиот државен финансиски систем[21]. Преку институтот „аритмос” (ἀριθμός) византиската држава го зачувала правото да го контролира бројот на парицfolите во феудалните стопанства, кога ги одземала или ставала во даночните списоци сите одвишни[22]. На овој начин отстапените вонредни широки имунитетни права на феудалците над определена категорија селани државата внимавала да не бидат применети и над другото феудално-зависно население[23]. Тоа говори, пак, дека рентата на селаните останала неизменета: таа била државен данок предаден во рацете на феудалецот[24].

Соопштението од Теофилакт дека државните даночни чиновници најстрого ги пр бројувале парициите и клириците, дека детално ја измерувале земјата[25], а и тоа дека феудалците се плашеле од опишувачите[26], говори за тоа дека феудалните господари употребувале незаконски начини за зголемување на поседите и бројот на зависните селани. Против таквите методи државата остро реагирала.

Заедно со формирањето на феудалната сопственост и развитокот на феудалната рента, се одвивал и процесот на претворањето на државната сопственост во феудална, т. е. се претворале државните даноци од потчинетите општини на државата во централизирана рента[27]. Таквиот специфичен од на развитокот на феудализмот во Македонија и воопшто во Византија во XI и XII век бил причина имунитетот да не се развие до тој степен на феудалците да им ги обезбеди сите финансиски и административно-судски права. Оттука би можело да се заклучи дека во крајот на XI век феудалците во Македонија располагале со ограничен, а често и со привремен имунитет.

Од преписката на Теофилакт Охридски се утврдува дека феудалците во Македонија немале еднакви имунитетни права над сите свои

---

17. Theophyl., col. 449, A—B.
18. Ibid., col. 528, C—D.
19. Ibid, col, 533, D—536, A.
20. Ibid., col. 313, C—D—316, A—B—C—D—317, A; 448, B—C.
21. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине в Византии. . ., стр. 14.
22. А. П. Каждан, Деревня и город. . . , стр. 177.
23. М. М. Фрейденбегр, О феодальной вотчине в Византии, стр. 14.
24. А. П. Каждан, Деревня и город, стр. 177.
25. Theophyl., col. 316, B.
26. Ibid., col. 345, D; 433, A—B.
27. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 215—216.

поседи и сите категории зависно население. Така, на пример, Теофилакт, кој бил крупен феудален земјопоседник, во едно од своите писма остро реагирал против нарушувањето на привилегите на свештениците од Полог. Овие привилегии тие ги имале добиено со императорски хрисовул, а биле потврдени и со сигилија од Јован Комнен. До овој свој адресант тој се жалел дека, иако свештениците добиле екскусија и биле ослободени од епирии, задолжувајќи се само да го даваат основниот земјишен данок-ѕевгологионот, таквата привилегија била ликвидирана од самиот Комнен, кога свештениците биле изедначени со „простото население" и биле терани да исполнуваат нечисти работи[28].

Овие податоци, како што гледаме, овозможуваат да се сфати дека луѓето од црквата располагале со ограничен финансиски имунитет. Тој дури и не бил постојан. Тоа го потврдуваат и податоците од едно друго писмо, во кое Теофилакт известува дека „благочестивиот род на Дуковци" не претпочитал повеќе никој друг од црквата кога ѝ допуштал да поседува финансиски имунитет за одделни села[29]. Таквите привилегии за време на Алексиј I Комнен и' биле доста скратени на црквата. Тоа Теофилакт го соопштува во писмото испратено до Вриениј, во кое пишува дека клириците на црквата порано биле ослободени (екскусирувани) само од „еден севгариј", додека за останато ѝ доставувале даноци на државата. Таквите привилегии, меѓутоа, за време на архиепископувањето на Теофилакта црквата ги изгубила. Ним сега им била ставена „граница и извесна преграда". На овој начин клириците биле лишени и од праксата да не плаќаат десеток на сите животни[30]. Бидејќи Теофилакт известува во писмото дека „повеќето" од клириците ги загубиле овие финансиски привилегии, а не сите[31], може да се установи дека во рамките на иста категорија зависно население луѓето користеле различни привилегии, а тоа, пак, значи дека феудалната институција — црквата (во конкретниот пример) не располагала со ист имунитет за одделните свои поседи и луѓето кои живееле на нив. Теофилакт и во други писма соопштува дека зависните луѓе на црквата не биле ослободени од епирии. Таков бил случајот со зависните луѓе на Деволскиот епископ[32]. Борбата на Теофилак за привилегии се гледа и од она писмо, во кое соопштува дека на црквата државниоте органи сакале да и одземат едно село, за кое не плаќала никакви даноци. Теофилакт ги молел своите пријатели да и се остави на црквата селото, нагласувајќи дека ќе го плаќал основниот земјишен данок-ѕевгелогионот[33]. Во овој случај, значи, Теофилакт сакал

---

[28]. Theophyl., col. 516, D—517, A—B; 525, C—D. Сп. исправката на текстот од Мињевото издание кај: A. Leroy-Molinghen, Prolégomènes à une édition critique des Lettres de Théophylacte de Bulgarie. Byzantion, 13 (1938), p. 255—261; В. Николаев, Федални отношения..., стр. 212—215; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 318, бел. 33.

[29]. Theophyl., col. 533, D—536, A—B.

[30]. Ibid., col. 448, B.

[31]. Ibid., col. 448, C.

[32]. Ibid., col. 529, A—D.

[33]. Ibid., col. 536, A—B.

да добие барем ограничен финансиски имунитет, сличен на оној со кој се ползувале свештениците од Полог, кој исто така во пракса не се спазувал.

Интересно е да се наведат и оние податоци со кои Теофилакт нѐ известува дека световните феудалци-архонтите располагале со села за кои ништо не ѝ доставувале на државната каса[34]. Тоа зборува, пак, дека тие располагале со понеограничени финансиски права, т. е. дека биле ослободени да доставуваат за државата централизирана рента. На тоа им завидувал и самиот Теофилакт. Тој известува дека императорот имал поблаг став спрема спорните поседи што ги поседувале световните феудалци. Оттука, тој не верувал дека за време на ревизијата ќе биле погодени и архонтите[35]. Тоа, пак, треблао да значи дека во овој период византиската држава водела политика на ограничување на финансискиот имунитет на црквата[36], а за сметка на тоа ги зголемувала правата на световните феудалци, коишто, заземајќи важни воени и цивилни места, ја заштитувале економската и воената моќ на Империјата.

Сличен тек во овој период имал и развиток на административно-судскиот имунитет во Македонија. Административно-судските права, кои му овозможувале на имунистот да ги управува и суди зависните луѓе, а и забранувале државните чиновници да се мешаат во територијата на неговите поседи, всушност е главното во имунитетот. Државата, отстапувајќи ги даноците во рацете на феудалците, од кои требало да ги зема како централизирана рента, требало истовремено да им отстапи на претставниците на феудалната класа и извесни функции на вонекономска принуда, а што, од своја страна, не значело дека ако тие биле остапени во минимум дека нема да бидат и зголемени. Оттука, М. Фрејденберг е наполно во право кога вели дека феудалецот избегнувал да бара помош за справување со зависното население од државните органи, зашто тоа би значело да му се „меша екскусијата која тој сам ја испросил". Од друга страна, пак, да ја „копира" државната администрација не му дозволувале специфичните тешкотии кои стоеле пред него во неговиот земјопосед. Значи, било потребно да се создаде таква управа, која успешно ќе ги решава проблемите околу собирањето на даноците, ќе ја уреди организацијата во стопанството, т. е. ќе изврши распоред на парицsmåite, ќе ги снабди со потребниот инвентар и сл. Таквата управа била неопходна зашто новите видови рента не можело да се земаат преку употреба на старите методи[37].

Извесни податоци за административниот имунитет, односно за организација на феудална управа, содржат и писмата на Теофилакт Охридски. Така, наведувањето од Теофилакт дека некои од манастирите

---

[34]. Ibid., col. 536, A—B.

[35]. Ibidem.

[36]. Истакнувањето од Теофилакт дека на привилегиите на црквата била ставена извесна преграда (Theophyl., col. 448, B), односно дека приходите на Архиепископијата биле намалени за разлика од порано (Theophyl., col., 388, C) јасно говори за тоа.

[37]. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине в Византии. . ., стр. 15.

во Македонија поминале под власта на световни лица, на харистикијари[38], во извесна мера сведочи дека таквите манастири требало економски да се зајакнат со помошта на вонекономска принуда која можеле да ја спроведат крупните земјосопственици, т. е. харистикијариите, кои располагале со апарат за принуда: вооружени слуги и сл.[39]. Дека некои од манастирите во Македонија имале потреба од надворешна помош, сведочи и Теофилакт. Тој соопштува дека таква потреба имал и еден од манастирите во Серез, во кој завладеел „духот на анархијата", а која со внатрешни сили не можела да се ликвидира и затоа требало да се ангажира некој однадвор[40]. Тоа, пак, значи дека „анархијата" во манастирот требало да се ликвидира со помошта на нова администрација. Колку, пак, била силна управата на харистикијариите по манастирите, се гледа од едно друго писмо на Теофилакт, во кое архиепископот соопштува дека не можел да го земе за црквата во Охрид еден монах, само поради тоа што „лицето кое го владее манастирот", т. е. харистикијарот, а и игуменот, не му давале писмено ослободување[41]. Инаку, под управа на харистикијарии потпаѓале во повеќето случаи малите и недисциплинирани манастири, кои не биле во можност да организираат сопствена управа.

Во кореспонденцијата на Теофилакт има неколку податоци и за судскиот имунитет. Од овие податоци се утврдува дека феудалците во Македонија располагале со доста ограничени судски права. Тоа особено се гледа во случајот со еден распопени монах. Тој ја отфрлил свештеничката облека и дошол во судир со органите на црквата. Теофилакт, кој бил на чело на Охридската архиепископија, испратил луѓе да го фатат монахот и да го донесат. Меѓутоа, иако го затворил овој „проклетник" во неговата кула, тој бил принуден да го ослободи, зашто немало никој од „советот на општината" (τῶν τῆς βουλῆς μερῶν) пред кого да го обвини. Бидејќи монахот несакал да му се потчини на архиепископот, не се покаjел, иако го убедувал преку лични средби и писма, а и бидејќи државните органи не настојувале да ја избркаат оваа „месна епидемска болест", тој нагласил дека ако одново успеел да го фати тој ќе умрел во кулата како општествено и државно зло (ἐν τῷ πύργῳ ἀποθανεῖται ὡς κακὸν κοινὸν καὶ δημόσιον)[42].

Овие вести од Теофилакт ги искористиле повеќе научници за да утврдат со какви судски права располагал охридскиот архиепископ. Врз база на горенаведените податоци, В. Николаев дошол до заклучок дека „положбата и привилегиите, со кои се користел Теофилакт и кои ги барал од византиската држава, сведочат за правната положба на еден феудален кнез, кој има не само свои крепосници, огромни земјопоседи, натурално стопанство кое преовладувало и само го задоволувало, туку

---

[38]. Theophyl., col. 365, B—C—D—368, A.

[39]. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине в Византии, стр. 27 сл.

[40]. Theophyl, col. 537, B.

[41]. Ibid., col. 365, B—C—D—368, A.

[42]. Ibid., col. 516, A—B—Сп. Г. Цанкова—Петкова, За агратните отношения... стр. 116.

и сопствен затвор и сопствено правосудство, како и сопствени органи на исполнителна власт"[43].

Ваквото погрешно гледиште на Николаев со право не го прифатил М. Фрејденберг. Тој нагласил дека Николаев немал право кога се искажал дека крупните црковни земјосопственици во ова време се претвориле во кнезови што располагале со затвори и судско-исполнителна власт[44].

Г. Литаврин ни се чини најдобро ги разбрал вестите од Теофилакт. Тој е во право кога смета дека Теофилакт имал ограничени судски права кога било во прашање казнување на луѓе чии дела подлежеле на решавање на судовите на државата. Во таа смисла, тој се изјаснил дека распопениот монах направил таков престап кој можеле да го решат само световни судови. Инсистирањето на Теофилакт дека во однос на монахот би правел de facto тоа што не му се дозволувало de jure, покажува, вели Литаврин, дека освен правото да суди за дела против црквата, судските права на архиепископот за казнување луѓе кои направиле големи престапи биле ограничени[45].

Поаѓајќи од фактот дека Теофилакт лично се состанувал со распопениот монах, а се обидувал и преку писма да го убеди да се откаже од започнатото криво дело, навистина е најлогично да се прифати мислењето на Литаврин дека карактерот на престапот на овој човек бил таков што можеби заслужувал да биде казнет и со смртна казна. Во тој поглед има право и Ф. Успенски, кој во лицето на овој монах го видел водачот на богомилите од крајот на XI век-попот Василиј[46],. Со оглед на фактот дека тој бил суден од повисок суд во Цариград[47], а поаѓајќи исто така и од вестите на Теофилакт дека и Ерменци-павликијани биле носени во Цариград за да му бидат претставени лично на Алексиј I Комнен[48], има основа да се застане на становиштето дека само за такви покрупни престапи биле лишени да донесуваат судски одлуки крупните црковни феудалци, каков што бил Теофилакт Охридски. Велиме само за покрупни престапи и заради тоа што од Теофилактовата кореспонденција се дознава дека одделните епископи на Охридската архиепископија имале право да ги обраќаат Ерменците во православна вера[49], да казнуваат монаси[50], а освен тоа во некои случаи свештеници и епископи го суделе и народот[51]. Исто така и самиот Теофилакт бил клеветан дека ги осудувал охриѓа-

---

[43]. В. Николаев, Феодални отношения. . ., стр. 233, бел. 98.

[44]. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине в Византии, стр. 15.

[45]. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 234.

[46]. Ф. Успенский, Образование второго болгарского царства. Одесса 1879, стр. 32, бел.; Сп. Б. Панов, Богомилското движење во Македонија. Историја, г. I. бр. 1. Скопје 1965, стр. 56—57.

[47]. На судењето учествувале покрај императорот Алексиј I Комнен, неговиот брат Исак Комнен, патријархот Николај Граматик и други високи претставници на световната и црковната власт (Види: Д. Ангелов, Богомилството в България. София 1961, стр. 226—232).

[48]. Theophyl., col. 345, D.

[49]. Ibid., col. 345, A—D; 448, C; 520, B—C—D.

[50]. Ibid., col. 349, B.

[51]. Ibid., col. 389, A.

ните, а и луѓето од другите области за престапни бракови, многуженство, или за тоа што станале еретици[52]. Од наведениве вести, како што гледаме, не се добива претстава дека свештениците, епископите и архиепископот само суделе за црковни дела. Меѓутоа, кога требало да им се суди на претставници од феудалната класа[53], потоа на луѓе кои дејствувале против државата[54] и сл., тогаш таквите дела ги пресудувал или императорот или пак органите од државната администрација.

Од горе изложеното би можело да се заклучи дека немаат право оние научници, кои наполно го отфрлиле постоењето на административно-судскиот имунитет во XI век [55]. Во право се оние кои застанале на становиште дека феудалците во овој период располагале со ограничени административно-судски права, зашто, како што известува и Теофилакт, државата располагала со голем број судови и судии[56].

И покрај зајакнувањето на централната власт, очигледен е фактот дека и за време на Алексиј I Комнен феудалците во Македонија настојувале да се здобијат со судски-административни права, бидејќа само така можеле да дејствуваат посамостојно во борбата за сузбивње на класните непријатели. Во тоа поуспешно се снаоѓале претставниците на световниот земјопосед: пронијарите и сл., кои во своите раце држеле апарат за принуда, а кој бил користен и од државата за сузбивање на непријателите. Не е неубедливо ако се каже дека некои од кастрините (καστρήνοι) што ги споменува Теофилакт Охридски[57] биле луѓе-пронијари, кои добиле како подарок од државата и кастра (κάστρα)[58]. Суштината на пронијата се состоела во тоа што пронијарот добивал од централната власт земјоседи (едно или повеќе села заедно со жителите) за да собира оттука приходи додека е жив. Во замена на тоа тој се задолжувал да исполнува воена служба, т. е. да собира од потчинетото население војници и со нив да учествува во сузбивање на непријателите кога за тоа ќе бил повикан[59]. Пронијар по сè изгледа бил и споменатиот од Теофилакт Роман Ставророман кој се настанил заедно со својата свита на имотот на

---

52. Ibid., col. 445, A.

53. Ibid., col. 528, C—D.

54. Таков бил, на пример, споменатиот распопен монах, кој се претворил во општествено и државно зло (Theophyl., col. 516, C.).

55. Горјанов, на пример, е на мислење дека развитокот на судскиот имунитет, иако се зародил во XI век, почнал подоцна, во XIII и XIV век. (Б. Т. Горянов, Поздневизантийский иммунитет, стр. 187, 199; сп. и од Византийский временик, XII (1957), стр. 114—115). Исто така и Каждан, не сврзувајќи ја екскусијата со имунитетот, се изјаснил дека судскиот имунитет бил карактеристичен само за подоцнежна Византија иако тој се зародил во IX—X век (А. П. Каждан, Формирование феодального поместья, стр. 106; од истиот Эскуссия и экскуссаты, стр. 202 сл.).

56. Theophyl., col. 516, B; 532, B.

57. Theophyl., col. 337, C.

58. Ф. И. Успенский, К истории крестьянского земевладения в Византии. ЖМНП, ч. CCXXV. Январъ—Февраль. С. — Петербургъ 1883, стр. 64. Успенски сосема е прав кога вели дека постоеле два вида кастра: државни и приватни. Последните се присвојувале заедно со селските стаси од властелите, со што во тие места изникнувале богати господарски стопанства (ц. д., стр. 64—65).

59. Д. Ангелов, Въпроси на феодализма в българските земи, стр. 71.

црквата во село Могила[60]. Инаку, пронијарите дејствувале од своите замоци-тврдини каде што бил сконцентрисан нивниот апарат на сила со кој го држеле во потчинетост населението од околината. Поаѓајќи од тоа, Литаврин дошол до убедување дека мислењето на научниците оти кастрините одговарале по својот феудален тип на рицарите не било без почва, зашто да се стане владетел на кастрон значело исто што и да се стане архонт[61]. Ни се чини дека поради специфичниот карактер на византиската држава и специфичниот пат на развитокот на феудализмот во неа, не би се сложиле дека во овој период, за кој е свидетел и Теофилакт, византиските архонти одговарале на рицарите од Запад. Уште во XIX век Ф. Успенски дошол, според нас, до поправилна претстава, кога се изјаснил дека требало да помине уште време за да се создадат поволни услови византиските властели да го уредат својот живот во замоците по образец на оној од западноевропското рицарство"[62]. Во таа смисла и М. Фрејденберг не се сложил дека во XI и XII век била голема близината на византиските и западните поредоци[63].

Писмата од Теофилакт овозможуваат да се сфати дека освен крупните световни феудалци апарат за принуда поседувале и крупните црковни феудалци. Соопштението од Теофилакт дека тој испратил свои луѓе за да го фатат и донесат расопениот монах[64], донекаде потврдува дека црквата како феудална институција, на чие чело во ова време стоел крупниот феудалец Теофилакт, располагала со сопствен апарат за принуда. Овој апарат и бил неопходен на црквата, зашто тој служел не само за одржување на духовната дисциплина туку и за принудување на зависното население да исполнува ангарија и ги плаќа даноците за црквата и државата. Дека Теофилакт имал свои сили за да се справи со непослушните зависни луѓе може да се види и од податоците на она писмо, во кое архиепископот соопштува дека не би требало државните даночни чиновници да влегуваат во владеењата на црквата[65]. Исто така и податоците од едно друго писмо, во кое архиепископот пишува дека неговата власт над Охридско Езеро била смалена[66], а што не било вистина, зашто преку поплаките тој сакал да добие од своите заштитници-пријатели поголеми привилегии и така посамостојно да се справува со своите потчинети, говори во прилог на тоа дека тој поседувал апарат за принуда. Дека архиепископот имал големи права „на езерото" и дека бил тука „велик и силен", зашто се се вршело според неговиот силен збор[67]. бил обвинет

---

60. Theophyl., col. 524, A—B. Митрополит Симеон зборот στρατὸς во овој случај го сфатил дека означува војска („Писмата...", стр. 209). Успенски, пак, го сфатил дека ги означувал луѓето на Роман, односно неговата свита (Ф. Успенский, К истории крестьянского землевладения, стр. 66), а Литаврин дека го означувал одредот на Роман (Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 83).

61. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 240.

62. Ф. И. Успенский, К истории крестьянского землевладения, стр. 65.

63. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине в Византии, стр. 28.

64. Theophyl, col. 516, B.

65. Ibid., col. 432, C—D—433, A—B.

66. Ibid., col. 481, C.

67. Ibid., col. 360, A.

и од неговите противници. Исто така и податоците од едно друго писмо, каде што се вели дека парициите на црквата се дигале против „тиранијата на архиепископот"[68], потврдуваат дека Теофилакт располагал со свој апарат за принуда. Луѓето од овој апарат биле распоредени по сите поседи на црквата. Најмногу ги имало во Охрид, каде што архиепископот имал и своја кула[69]. Во Охрид Теофилакт се чувствувал толку силен што самиот себе се претставил дека е сличен на Зевсовата птица, која имала јака чопка, остри нокти и можела да дере меса од „жабите" — „варварите" (т. е. Македонците), кои продолжувале да пеат „борбена и победоносна песна"[70]. Теофилакт испраќал луѓе од својата црква да разнесуваат риби до своите пријатели[71], исто така и писма[72], како и да испитаат зошто некои од селата на Архиепископијата се вознемируваат од страна на државните чиновници[73]. Освен Теофилакт, и некои од епископите поседувале свој апарат за принуда. Така, на пример, Теофилакт известува дека епископот на Девол почнал да ги обраќа Ерменците во православна вера без да чека помош од севастот[74].

Создавањето на апарат за принуда во рамките на феудалните поседи говори за тоа дека државата сакала или не сакала им одела по волја на феудалците тие да создаваат сопствена сила, која во голема мера ја заместувала државната администрација кога било во прашање сузбивање на острата класна борба и сл. Но, тоа не треба да значи дека Теофилакт и другите црковни и световни феудалци избегнувале секогаш да ги повикуваат на помош државните органи. Од податоците на писмото на архиепископот испратено до ќесарот Мелисин се дознава дека во „варварската земја" Македонија секогаш имало потреба од државна помош[75]. Затоа и световните органи на власта се мешала во работите на црквата[76], исто така и црковните власти се мешале во световни работи[77]. Преспанскиот управител, на пример, бил замолен со писмо од архиепископот за да помогне испратениот од него црковен човек да собере храна и сл. од населението за учесниците на Синодот на Охридската архиепископија, кој требало да одржи заседание во Преспа[78]. Исто така Теофилакт барал помош од повисоката власт да се справи и со двајца опасни мештани. Покрај другото тој барал да добие одврзани раце за да дејствува против нив[79].

Вестите од Теофилактовата кореспонденција, како што гледаме, говорат во прилог на становиштето дека феудалците во Македонија во

---

68. Ibid., col. 457, A.
69. Ibid., col. 516, C.
70. Ibid., col. 308, B; 508, C.
71. Ibid., col 518, D—520, A.
72. Ibid., col. 325, A; 480, C.
73. Ibid., col., 536, A.
74. Ibid., col. 520, C.
75. ]bid., col. 517, C—D.
76. Ibid., col. 524, D—525, A.
77. Ibid., col. 333, D—336, A.
78. Ibid., col. 469, C.
79. Ibid., col. 433, D—436, A—B.

крајот на XI и почетокот на XII век сè уште немале таква политичка моќ по успешно да ја отстранат државата да се меша во нивните поседи. Загрозувањето на позициите на Византија во провинцијата Македонија од страна на надворешни и внатрешните непријатели[80], била главната причина државата да ги нарушува и ограничува правата на феудалците. Оттука, како финансискиот така и административно-судскиот имунитет се развивал во овој период со доста бавно темпо. Развитокот на имунитетот добил позасилен замав дури од крајот на XII век, кога централната власт на Византија осетно ослабала, па затоа не била во можност да се справи со сепаратистичките стремежи на феудалците.

## II

Едновремено со развитокот на феудализмот во Македонија се развивала и феудалната рента. Таа била таква економска категорија која означувала реализација на монополските права на земјишната сопственост од страна на феудалецот[81]. Феудалната рента не се исцрпувала наполно кога државата им ги отстапувала на феудалците селските даноци и задолженија, бидејќи дел од ренатата тие ја земале по силата на нивното сениорско право, односно по обичаите[82]. Тоа, пак, значи дека во условите на развитокот на крупниот земјопосед било невозможно потребите на феудалците да се задоволуваат само со отстапување на извесен дел од државните даноци и задолженија што тие ги добивале со финансискиот имунитет. Затоа финансискиот имунитет и феудалната рента не биле ендакви по своето значење[83]. Било невозможно во овој период, кога развитокот на феудализмот во Македонија, а и воопшто во Византија, зел позабрзано темпо, да се зема феудалната рента по старите методи, по кои се собирале државните даноци од даночните чиновници[84]. Од крајот на XI век максимално пораснала феудалната рента во Македонија. Формирањето на феудалната сопственост, обезбедувањето на феудалците со зависно население, развитокот на имунитетот влијаело да се создадат основните феудални институции, преку кои се реализирала феудалната рента.

Во XI век, во периодот за кој Теофилакт е сведок, биле на лице трите видови феудална рента: работната, натуралната и паричната[85].

---

80. Ibid., col. 388, B—C.

81. К. В. Хвостова, Некоторые вопросы истории иммунитетных грамот македонских монастырей в XIV в,. стр. 38 Сп. и А. Каждан, Формирование феодального поместья, стр. 103.

82. К. В. Хвостова, Некоторые вопросы. . ., стр. 38; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 201; П. Тивчев, За класовата борба във византийското село през XII век. Исторически преглед, г. XVIII, кн. 1 (1961), стр. 87.

83. К. В. Хвостова, Некоторые вопросы, стр. 39.

84. М. М. Фрейденбегр, О феодальной вотчине в Византии, стр. 15.

85. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия стр, 201—219; Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента в болгарских землях под византийским владичеством. Византийский временик, XIX (1961), стр. 6—25.

Првата, работната рента, всушност значела бесплатна работа која ја вршело населението за феудалците и дижавата. Овој вид рента уште бил познат под називот ангарија (ἀγγαρεία)[86]. Кај Теофилакта ангаријата е означена со терминот дулеиа (δουλεία)[87]. Овој вид рента Теофилакт го спомнува во 30-то по Меурсија писмо, кога, меѓу другото, вели: ,,Црквата имаше писмен документ за замена на селото[88] за отстапени плантински места што таа и ги отстапи на државата за да ја (исползува) службата на неговите парици ,,(διὰ τὴν παροικικὴν δουλείαν)[89]. Исто така и веста од Теофилакт која говори дека тој им давал на своите луѓе помалку добиток за користење[90], нè тера на размислување дали овие луѓе со тоа не биле терани да исполнуваат бесплатна работа на ,,господарската земја" на Теофилакт[91]. И од една Теофилактова стихотворба се дознава дека роб-занаетчија исполнувал ангариска работа за господарот[92]. Исто така и во пимото што го испратил Теофилакт до Пакуриан, се вели дека луѓето што се грижеле за гуските му услужувале нему[93].

Поаѓајќи од фактот дека во овој период доста пораснал земјопоседот на крупните феудалци во Македонија, може да се каже дека феудалците се користеле од бесплатниот труд на оние луѓе што живееле на ,,селската земја". Било невозможно, на пример, огромните феудални стопанства на црквата, да не употребуваат бесплатна работа од зависните селани. За изградбата на многукатните куќи на архиепископот-феудалец Теофилакт, неговата кула, потоа замоците на кастрините, изградбата на цркви и манастири, како и нивното утврдување, сигурно се употребувала и бесплатна работа од зависното население[94]. Оскудноста од податоци за обврските на зависното население што ги имале кон феудалците доаѓа оттаму што тие не се регулирале со паричкото право (παροικιακὸν δίκαιον), т. е. не се одредувале со официјални документи. Затоа обврските на париците и клириците спрема феудалците биле обопштени и често

---

86. Сп. П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 83 и наведената таму литература.

87. Theophyl., col. 517, A; 424, A.

88. Станува збор за селото кое црквата го добила во размена за отстапени планински места. За тоа таа поседувала и царски хрисовул. Инаку, селото се наоѓало до Охрид (Theophyl., col. 424, A; сп. Г. Цанкова—Петкова, Феодалното земевладение. . . стр. 295, бел. 1).

89. Theophyl., col. 424, A. Митрополит Симеон не е убедлив кога овој дел од писмото го превел: ,,За нуждите на крепостните си роби" (,,Писмата. . .", стр. 96). Поправилно го разбрале текстот од писмото: Г. Цанкова—Петкова, Феодалното земевладение. . ., стр. 284; од истата: Феодальная рента. . ., стр. 21; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 213.

90. Theophyl., col. 449, B.

91. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 203. Овој податок го натерал Фрејденберга да се изјасни дека феудалците настојувале да создадат приселниците парички стопанства, бидејќи на овој начин тие биле попродуктивни за своите господари (М. М. Фрейденберг, Монастырская вотчина в Византии XI—XII вв. Учение записки ВГПИ, 3. Великие Луки 1958, стр. 72).

92. Studi Bizantini, I. Roma 1925, p. 189. сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 203.

93. Theophyl, col. 372. B. Сп. исправка на текстот кај М. Симеон, Писмата. . ., стр. 47, бел.

94. Сп. за такви примери: Г. Цанкова-Петкова, Феодальная рента, стр. 21 сл.

пати неопределени[95]. Поради сето тоа од парициите се сакало доста мн гу. Бидејќи во овој период феудалците во Македонија не располагале со целосен имунитет, парициите и клириците биле терани да извршуваат обврски како за државата така и за своите господари. Оттука, Литаврин има право кога вели дека „парикијата, соедината со личната зависност, значела во XI—XII век многу поголем гнет, отколку простото поданство во услови на феудалната држава"[96]. Иако не ни е познат размерот на ангаријата, од подоцнежни документи се дознава дека тој се движел од неколку дена во годината до два дена во неделата[97]. Личната зависност била еден од факторите што ја одредувал сумата на работната, натуралната и паричната рента што ја извршувале одделните категории на феудално-зависното население. Така, на пример, „приселниците" — селани биле должни да исполнуваат поголеми обврски од прекаристите или од селаните кои поминале под патронат на феудалците. Последните од почетокот најчесто им го доставувале на феудалците само државниот данок[98]. Меѓутоа, патронатните господари не се задоволувале само со тоа. Разбивајќи го постепено единството на општините, тие ги изолирувале селаните во нивното спротивставување. На овој начин силата на овие селани била разбиена и сега феудалците можеле посмело да ја зголемат рентата[99]. Затоа одделните категории феудално-зависно население често пати извршувале за феудалците не иста по размер работна рента.

Освен спрема феудалците, зависното население извршувало работна рента и спрема државата. Од писмата на Теофилакт се утврдува дека кастроктисијата (καστροκτισία) била една од најтешките ангарии. Населението било терано бесплатно да ги поправа тврдините, или пак да гради нови, кога со свој добиток и инвентар носело песок, камења и сл. За оваа бесплатна работа Теофилакт споменува во писмото испратено до Анема, на кого, меѓу другото, му пишува: „Ти се јави во нашите места за да го одвратиш злото кога сè беше веќе во очајна положба. Лизиј би рекол: „Злото од водачите го достигна својот врх. . . градостроителот ги разорил бедните, а катепанот ја проветрувал пепалта"[100]. Ова соопштение од Теофилакта, Литаврин го сметал за недоволно јасно, бидејќи не зборувало определено за кастроктисија. Сепак, тој се сложил со мислењето на Ксаналатос, дека населението на Македонија во овој

---

[95]. Ibidem.

[96]. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 218—219.

[97]. Во една повелба од царот Душан од 1348—1353 г., издадена на Архангеловскиот манастир кај Призрен, се вели дека селаните требало „да работаю оу недели два дьни надимицомь што имь вели игоумнь" (С. Новаковић, Законски споменици спрских држава средњега века. Београд 1912, стр. 696). Сп. и : А. П. Каждан, Аграрные отношения. . . стр. 118; П. Тивчев, За класовата борба. . . стр. 83. Во „Historija naroda Jugoslavije", I. Zagreb 1953, стр. 311, е искажено мислење дека таа достигала во XI—XII век до 20 дена во годината.

[98]. М. М. Фрейденберг, Монастырская вотчина во Византии XI—XII в., стр. 73; А. П. Каждан, Деревня и грод. . ., стр. 175.

[99]. А. П. Каждан, Деревня и город, стр. 177.

[100]. Theophyl., col. 393, A: Καστροκτίστης καθήρει τὰ τῶν ἐλεινῶν νῦν δὲ ὁ κατεπάνος, καὶ τὸν χοῦν ἐλικμᾶτο; сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 326.

период било обременето со кастроктисија[101]. Дека ова Теофилактово соопштение зборува за кастроктисија, освен Ксаналатос се изкажале и Николаев, Цанкова-Петкова и Тивчев[102].

Поаѓајќи од податоците на другите Теофилактови писма, во кои тој вели дека во негово време „работите (во Македонија) се пред сеништето на војната"[103], дека „однадвор (имало) борби, а однатре стравови"[104], поради што градовите се изградувале на непристапни брда[105] и опкружувале со ѕидови и кули[106], сето тоа говори дека за изградбата на овие објекти масовно се ангажирало населението на Македонија. Затоа сметаме дека со горното соопштение Теофилакт сакал да укаже на тешката ангарија-кастроктисијата.

Освен кастроктисија македонското население извршувало за државата и други видови ангарија. Тоа било терано бесплатно да поправа и гради нови патишта (ὁδοστρωσία), да гради и поправа мостови (γεφυραί)[107]. Овие ангарии не ги споменува Теофилакт во појасна форма. Меѓутоа, наведувањето дека зависните луѓе на Деволскиот епископ се вознемирувале, зашто епископијата лежела на пат[108], донекаде зборува и за тоа дека или војската или државните органи ги терале луѓето да извршуваат бесплатна работа: да поправаат патишта, мостови и сл. Од едно друго Теофилактово писмо навистина се дознава дека околу Девол и Преспа била распоредена војска во овој период[109].

За државата македонското население извршувало и други ангарии. Теофилакт известува дека освен обичното население и свештениците од Полог биле терани да стојат на стража (παραμοναί), да месат леб (ψωμοζημία)[110] и сл.

---

[101] Г. Г. Литаврин Болгария и Византия, стр. 326.

[102]. D. A. Xanalatos, Beiträge. . ., S. 46; В. Николаев, Феодални отношения. . . стр. 197—199; Г. Цанкова-Петкова, Феодальная рента. . . стр. 18 и бел. 112 каде е искажено неслагање со преводот на Симеон; П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 84.

[103]. Theophyl., col. 376, B.

[104]. Ibid., col. 388, B.

[105]. Идризи соопштува дека скоро сите македонски градови биле изградени на непристапни брда или планини. Такви биле градовите: Охрид, Струмица, Серез, Лерин, Воден, Полог, и др. (Б. Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси. София 1960, стр. 37—41). Во науката сѐ уште се води дискусија по прашањето дали во ова време постоел град Полог. Пред повеќе од една деценија Т. Томоски специјално се позанимавал со ова прашање. Притоа тој дошол до заклучок дека податокот од Идризи не е сигурен, зашто тој ги собирал податоците од несигурни извори: трговци и сл. Поаѓајќи од вестите на други современици, Томоски заклучил дека во XI и XII век не постоел град Полог, туку постоела област Полог, која се делела на два дела (Т. Томоски, Дали постоел град Полог. Гласник на Институтот за национална историја, г. I, бр. 1. Скопје 1957, стр. 271—275). Дека постоела област Полог се изјаснил подоцна и Литаврин (Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 317).

[106]. Theophyl., col. 517, C. Кула имал и Теофилакт во Охрид (Ibid., col. 516, C).

[107]. Сп. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента, стр. 17; П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 84.

[108]. Theophyl., col. 529, A—B—C—D.

[109]. Ibid., col. 532, B.

[110]. Ibid., col. 525, C. Сп. В. Николаев, Феодални отношения, стр. 214—215.

Научниците доста различно го осветлиле значењето на псомозимијата. Едни сметале дека таа била натурален данок за исхранување на војската[111]. Други, пак, се изјасниле дека таа значела доставка на леб по ниски цени[112]. Според мислењето на трети, псомозимијата значела работна рента, т. е. населението требало да приготвува (да месе, пече) леб за војската, државните чиновници и др.[113].

Веста од Теофилакт, која говори дека псомозимијата претставувала нечиста работа, поради што барал свештениците да бидат ослободени од неа, бидејќи во спротивно не би се разликувале од обичното населние[114], говори за тоа дека таа била работна рента.

Населението на Македонија било терано бесплатно да доставува материјали и да учествува во изградбата на кораби. Таквата работна рента, која е позната со изразот катергоктисија (κατεργοκτισία), ја споменуваат другите извори[115]. Податокот од Теофилакт дека реката Вардар се поминувала со кораби, место преку мостови[116], може да се сфати и во смисла на тоа дека овие кораби ги изработувало населението со ангариска работа.

Терањето на населението да извршува бесплатна работа за државата се должело на повеќе причини. Во ова немирно време Византија морала да држи големи војски во Македонија. Во оваа земја нејзините позиции биле загрозени како од самите Македонци, кои настојувале да го отфрлат византиското господство, така и од надворешните завојувачи кои настојувале преку веони акции да загосподарат со балканските провинции на Византија. Оттука, централната власт одела кон тоа постојано да ја контролира положбата во Македонија. Алексиј I Комнен, известува Теофилакт, лично доаѓал во Македонија за да ја стабилизира својата власт по одделните области, градови и села[117]. Византија имајќи голема потреба од работна рака, која била неопходна за изградба на патишта, мостови, тврдини, за чување на проходите[118] и тврдините, како и за приготвување на храна за војската и др., избегнувала централната власт да ги ослободува луѓето од феудалните поседи, кои се користеле со из-

---

111. П. Мутафчиевъ Войнишки земи и войници във Византия през XIII—XIV век. Сп БАН, кн. XXVII. София 1923, стр. 69.

112. A. Leroy-Molinghen, Prolégomènes. . ., p. 261; D. A. Xanalatos, Beiträge. . . S. 49—50; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 327.

113. М. Симеон, Писмата... стр. 211 и бел. Симеон е на мислење дека Теофилакт во писмото зборува за месење леб; како исправно ова мислење го прифатиле Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента, стр. 19; П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 85.

114. Theophyl., col. 525, C—D. Сп. В. Николаев, Феодални отношения, стр. 214—215.

115. Сп. П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 84; Д. Ангелов, История на Византия, II, стр. 131.

116. Theophyl., col. 472, C—D—473, A.

117. Theophyl., col. 497, B—C.

118. Такви чувари на клисури видел во 1326 година во близина на Струмица византискиот писател Никифор Грегора (Види: Љ. Лапе, Одбрани четива за историјата на македонскиот народ, I, Скопје 1951, стр. 121).

весна ограничена екскусија од сите овие обврски. Прифаќајќи едно такво гледиште, ние се судираме со мислењето на Цанкова-Петкова, која стои на становиште дека од горенаведените ангарии биле ослободени париците на феудалците, бидејќи тие тоа го обезбедувале преку екскусионите грамоти. Според неа, таквите ангарии пред се ги исполнувале државните селани[119]. Не зборуваат само податоците од Теофилактовата кореспонденција против едно такво гледиште, туку и оние од другите современи извори. На нив укажал Тивчев, кога навел дека освен еден податок, до кој дошол и кој говорел за ослободување од кастроктисија во XII век, сите други извори сведочеле за неослободување на зависните луѓе од таквата ангарија[120]. Исто така и Г. Литаврин дошол до заклучок дека работна рента извршувале сите категории зависно население, ако за тоа не биле ослободени со специјална екскусија[121]. И Хвостова се изјаснила, врз база на имунитетните грамоти дадени на македонските манастири во XIV век, дека државата многу ретко ги ослободувала манастирите од овие важни обврски. Ослобовувањето од таквите обврски, смета таа, означувало исклучителна и особена милост[122].

Скудни се во Теофилактовата кореспонденција и вестите за натуралната рента или рентата во продукти, со која се задолжувало македонското население за државата и феудалците, доколку било феудално зависно, Особено се слаби податоците за натуралните обврски спрема феудалците. На тоа укажал и Литаврин, кога дошол до заклучок дека кај Теофилакта можат да се најдат вести за натуралната рента само во едно писмо, во 73-то по Меурсија. Во тоа писмо Теофилакт го известил царскиот лекар Михаило Пантехни дека не се точни гласовите кои кружеле за богатствата на архиепископот. Тој со иронија наведува дека ако дошол да види тогаш париците и него ќе го направеле богат, кога ќе му дале „по една глава чесноκ"[123].

Освен овој подиректен податок, ние најдовме и други податоци во преписката на Теофилакт, кои овозможуваат да се проговори нешто повеќе за натуралната рента. Така, на пример, во писмото на Теофилакт, испратено до управникот на Преспа Макрамволит, се вели дека населението се задолжувало да им дава на црковните високодостојинственици разни храни и пијачки во натура. Тоа се гледа од следниов пасус на писмото: „Гласот на свештените правила, пишува Теофилакт, ни наредува да го свикаме нашиот свештен синод. Очекувај нè . . . во Преспа (зашто таму ќе се одржи собранието). . . Внимавај да не го оставите без помош црковникот, кој е испратен за да собере сè што е потребно за

---

119. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента, стр. 17.

120. П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 84. Тивчев смета дека ангаријата—кастроктисија требало задолжително да ја исполнува населението од загрозените области, додека населението од другите области ја плаќало како паричен данок. Според него, комутирањето на оваа обврска почнало од X век.

121. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 328—329.

122. К. В. Хвостова, Некоторые вопросы истории иммунитетных грамот, стр. 46сл.

123. Theophyl., col. 500, B. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 205—206.

храна. . ."[124]. Оваа храна требало да се собере од населението за членовите на синодот, кој го сочинувале епископите од Охридската архиепископија[125].

За доставување продукти на феудалците во натура, Теофилакт говори и во други писма. На пример, во испратеното писмо до драчкиот дукс Вриениј архиепископот, меѓу другото го вели и ова: „Бројот на рибата (што ти ја испраќаме) е знак на совршенство во доброто, бидејќи е рожба на десетицата (δεκάδος), која е совршена и крај на сите броеви"[126]. Овде Теофилакт јасно нагласува дека црквата земала десетти дел од уловената риба. Не е јасно кажано во писмото дали Теофилакт земал десетти дел од уловената риба од сите парици и клирици што ловеле риба на Охридското Езеро, кое го викал „наше езеро"[127], т. е. езерото Ахерусија го нарекувал „мојот Лихнид"[128], или пак земал само од оние што ловеле исклучиво на неговите стругi (рибници). Архиепископот поседувал голем број рибници на езерото. Самиот известува дека во нив дозволувал да ловат оние сиромаси на кои црквата им давала „риби за храна"[129]. Рибите што ги одземал во натура, Теофилакт ги задржувал за себе и своите блиски соработници, а и еден дел испраќал до подалечните пријатели и тоа како сlosна риба или пак „риба во леб испечена"[130]. Преку испраќање на риба тој настојувал од овие свои пријатели да издејствува тие да помогнат црквата да се здобие со поголеми привилегии[131].

Во време на Теофилактовото архиепископување црквата земала давачки во натура и по установениот кананикон. Како што е познато, уште во почетокот на XI век, Василиј II ѝ овозможил на Охридската архиепископија да зема установен или каноничен данок од сите кои живееле во границите на Архиепископијата, па дури и од Власите и Турците крај Вардар[132]. До доаѓањето на Теофилакт за архиепископ во Охрид канониконот претрпел извесни измени. Некои од императорите се потрудиле да го регулират размерот на канониконот. Така, Исак I Комнен (1057—1059) издал новела, според која секое село што имало 30 куќи било должно да доставува секоја година една златна номизма, две сребрени монети, еден овен, шест модија јачмен, шест мери вино, шест модија пшенично брашно и 30 кокошки. Село кое имало 20 куќи доставувало половина златна номизма, една сребрена монета, една овца, четири модија јачмен, четири мери вино, четири модија брашно, 20 кокошки; село, пак, со 10 куќи доставувало пет сребрени монети, едно

---

124. Ibid., col. 469—, B—C.

125. Ibid., col. 344, D—345, A, D; 348, A—B—C D.

126. Ibid., col. 468, B. Сп. М. Симеон, Писмата, стр. 148.

127. Ibid., col. 481, C.

128. Ibid., col. 497, A.

129. Ibid., col. 517, D; 520, A.

130. Ibid., col. 380, C.

131. Ibid., col. 481, C—D; 517, D—520, A.

132. Й Ивановъ, Български старини изъ Македония. София 1931, стр. 560—561.

јагне, два модија јачмен, две мери вино, два модија брашно и 10 кокошки[133] Подоцна, Алексиј I Комнен одново потврдил хрисовул за каноникопот. Според овој хрисовул, размерот на каноникопот во натура не претрпел измени, а само се зголемило паричното земање[134].

Податоци за каноникопот има во Теофилактовото писмо, испратено до кесарот Никифор Мелесин, Во името на својот адресант, Теофилакт го постави прашањето: „Што би кажал архиепископе ако нарeдиме и останатите села, т. е. господарските владеења (δεσποτικὰ κτήματα) да ти го плаќаат установениот каноникон?". [135].

Овој значаен податок за каноникопот, најразлично го прокоментирале научните. Ф. Успенски зборовите δεσποτικὰ κτήματα сметал дека се однесуваат на „царските владеења"[136]. Овој коментар, како точен, го прифатиле уште Снегаров, Симеон, Златарски, Николаев и авториве на „Историја народа Југославије"[137].

За разлика од овие научници, Г. Литаврин дошол до заклучок дека δεσποτικὰ κτήματα значат „господарски владеења". Според него, тоа биле владеења на феудалците кои ползувале финансиски имунитет и кои не ретко имале во своите поседи сопствени свештеници[138], поради што немале потреба да бараат услуги од духовништвото на своите епархии[139]. Дека ова гледиште на Литаврин е доста прифатливо покажуваат и други податоци. На пример, панаѓурите што се организирале во рамките на феудалните поседи обично се именувале како „господарскиот панаѓур" (δεσπότης τῆς πανηγύρεως)[140]. Во Типикот на Бачковскиот манастир се вели дека Бакуриан подарил на манастирот 47 „господарски" (δεσποτικῶν) волови и други животни[141]. Поради тоа не е ништо чудно што гореспоменатите од Теофилакт владеења, биле феудалски.

---

[133]. Jus Graeco—Romanum, III. Ed. C. E. Zacharie von Lingenthal. Lipsiae, p. 323. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 359 и бел. 30, каде што е дадена литаратура; Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 14, која сосема правилно го критикува погрешното толкување на податоците од Ксаналатоса, кога тој вели дека размерот на конониконот во новелата означувал дека по толку требало да дава секое семејство (D. A. Xanalatos, Beiträge. . ., S. 39).

[134]. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 360—361.

[135]. Theophyl., col. 518, A.

[136]. Ф. Успенский, Образование вророго болгарского царства, стр. 37, бел. 1.

[137]. Ив. Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия (отъ основането й до завладдването на Балканския полуостровъ отъ турцитѣ), I. София 1924, стр. 67; М. Симеон, Писмата, стр. 195; В. Н. Златарски, История на българската държава презъ срѣднитѣ вѣкове, II. София 1934, стр. 328. Златарски сметал дека архиепископот немал право да зема канонккон од царските поседи. Според него, канониконот ги опфаќал црковните земји и дел од земјопоседничките; В. Николаев, Феодални отношения. . ., стр. 181; „Historija naroda Jugoslavije". I, str. 308.

[138]. Jus Graeco—Romanum, III, p. 432.

[139]. Г. Г. Литаврин, Болгария и Визентия, стр. 361. Гледиштето на Литаврин како исправно го прифатил и Ангелов (Д. Ангелов, История на Византия, II, стр. 136).

[140]. Jus Graeco—Romanum, III, p. 317. Сп. А. П. Каждан, Деревня и город, стр. 253. Каждан е во право кога вели дека императорските поседи се означувале со βασιλικὰ κτήματα (ц. д., стр. 164—165).

[141]. Typicon de Grégoire Pacourianos pour le monastère de Petritzos (Bačkovo) en Bulgarie. Византийский временик, XI (1904), p. 13—14. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 99—100.

Во истото писмо Теофилакт наведува дека ќесарот Никифор Мелесин многу добрини направил со своите наредби за канониконот[142]. Тоа, пак, треба да се сфати во смисла на тоа дека канониконот не се одземал редовно и од оние поседи кои биле должни да го доставуваат. Наведувањето од Теофилакт дека многу свештеници и епископи не ја почитувале управата на Архиепископијата, зашто самоволно и неодговорно го суделе народот[143], дава материјал да се размисли, дали наредбата од ќесарот не се однесувала за доставување канон ikon од оние епархии кои на различни начини избегнувале да ги извршат своите обврски спрема Архиепископијата. Имало случаи кога духовништвото од одделни епархии било здружено со претставниците на световната власт и така заеднички се спротивставувале на барањата на архиепископот. Затоа не била ретка појавата световните феудалци да ја поддржуваат кандидатурата за епископ во нивната епархија на оној кој им ветувал дека ќе ги заштитува нивните интереси[144]. Дека одделни епископи не ги почитувале наредбите на високата црковна власт, се гледа и од писмото на Теофилакта, испратено до епископот на Девол. Во него, покрај другото, архиепископот пишува: „Ако и да тие беше останал само еден коњ сепак ти го испрати. . . на црквата. . . Се молам за тебе, бидејќи ја признаваш онаа (т. е. власта на архиепископот) која ти дала тоа што имаш. *Мнозина други не само што не ја признаваат туку и ја повредуваат во нешто*"[145]. Од последните зборови јасно се гледа дека некои од епископите не ги извршувале обврските спрема Архиепископијата. Претворајќи се во крупни земјосопственици тие сè повеќе економски се осамостојувале и така не се држеле многу до црковните правила. Самиот Теофилакт известува дека со приходите на црквата се користеле најмногу вишите свештеници[146].

Феудално-зависното население освен за феудалците доставувало продукти во натура и за државата. Теофилакт соопштува дека во негово време црквата ги изгубила привилегиите да не дава десеток на сите животни, т. е. на крупниот и ситниот добиток[147]. Сега, вели тој, дури добитокот се одземал не на десет туку на пет едно животно[148]. Државните даночни чиновници дури и самиот него го присилувале да дава повеќе животни[149]. Освен тоа, соопштува Теофилакт, државните чиновници земале уште и подароци (μελίγματα), така што, откако ќе ги добиеле,

---

[142]. Theophyl., col. 512, C.
[143]. Ibid., col. 389, A.
[144]. Сп. Ив. Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия, I, стр. 82.
[145]. Theophyl., col. 520, C—D.
[146]. Ibid., col. 341, B.
[147]. Ibid., col. 448, B—C, 449, A—B.
[148]. Theophyl., col. 337, B: Πράκτορας ἔχεις πικρούς; Ἀλλ' οὐ πικροτέρους τῶν ἐν τούτοις τοῖς μέρεσιν οἳ τῶν πέντε παιδίων, ἓν εἰς δουλείας ἀπάγουσιν, ὥσπερ ἄλλο τι τῶν ἀποπεμπτουμένων ἢ ἀποδεκατουμένων κτηνῶν.

Овој дел од писмото говори против определувањето на Николаев дека добитокот се одземал, според Теофилакт, секогаш на десет едно животно од страна на практорите, зашто, како што гледаме, тој се одземал и на пет едно животно (В. Николаев, Феодални отношения. . ., стр. 184).

[149]. Theophyl., col. 316, C.

станувале уште полакоми и ги терале оние што дале еднаш „да даваат како научени", и ако не добисле, тие го покажувале и својот бес[150]. Овие подароци, давани на чиновниците, се состоеле од пилиња и сл. Во изворите се сретнуваат како κανίσκια или ἀντικανίσκια кога биле давани во вид на пари[151].

Натуралниот размер на канискиите се состоел во тоа што секое селско домаќинство се задолжувало секоја година да им дава на чиновниците еден леб, една кокошка, една модија јачмен, и пола мера вино[152]. Дека гореспоменатите податоци од Теофилакта се однесувале на канискиите, се изјасниле Ксаналатос и Литаврин[153]. Сосема инаку ги разбрал В. Николаев. Тој сметал дека тука станувало збор за обични поткупи што чиновниците ги сакале од обичното население а и од архиепископот[154]. Веста од Теофилакт дека тој испраќал риби до некои од државните чиновници, покрај горенаведените подароци, и тоа во време на постовите „кога риба се јаде"[155], говори исто така во прилог на тоа дека државните чиновници и во вид на „подароци" земале натурални давачки.

Давачките кои се земале во натура за чиновниците или војската, обично се означувале со општиот назив "епирии" (ἐπηρεῖαι)[156]. Постоела извесна разлика меѓу епириите и регуларните државни даноци. Епириите биле специјални, нерегуларни обврски од секаков род, сврзани предимно со задоволување на потребите на провинциското чиновништво, армијата или царскиот двор[157].

Од епирии страдало особено она население на Македонија што живеело во близина на патиштата. Тоа се гледа и од писмото на Теофилакта, испратено до дуксот Јован Комнен, во кое, покрај другото, пишува: „Велики мој господару и заштитниче, многу добра си направил во нашата земја и си донел олеснување на Преспа и Девол со својот равен и праведен дух, кој си го покажал спрема оние кои им направиле неправда. Ништо помалку а можеби и поголемо дело ќе направи твојата велика рака ако се смилиш над Деволската епископија која се наоѓа во голема опасност, а може да се избегне само со мала помош. Во што е опасноста? Таа остана тукуречи без пеење и без светло, бидејќи таму нема епископ. Нели лежи на патот како и лозето кај Давида кога цветало

---

150. Ibidem.

151. Fr. Miklosich — J. Müller, Acta et diplomata graeca medii aevi sacra et profana V. Vindobonnae, p. 137, 143; VI, p. 2, 20, 22, 28, 47. Сп. П. Тивчев, За класовата борба... стр. 85; Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента..., стр. 20.

152. F. Dölger, Aus den Schatzkammezn des Heilingen. München 1948, бр. 64, 31, S. 178; бр. 35, 88, S. 102. Сп. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента..., стр. 20.

153. D. A. Xanalatos, Beiträge..., S. 52, Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 332. Литаврин смета дека освен тоа писмото говорело и за попрости земања, коишто и самиот архиепископ им ги давал на чиновниците (Theophyl., col. 533, D; 352,A)

154. В. Николаев, Феодални отношения..., стр. 194.

155. Theophyl., col. 517, D—520, A.

156. П. Тивчев, За класовата борба..., стр. 85.

157. А. П. Каждан, Экскуссия и экскуссаты..., стр. 201; сп. F. Dölger, Beiträge zur Geschichte der byzantinichen Finanzverwaltung. Leipzig 1927, S. 61; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 328.

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА СКОПЈЕ

било разграбувано од сите минувачи, таа нема и епископ. Не може да трпи да го изложува грбот на бичување и образите на шлакање, ниту пак ќе се најде било кој друг да издржи при оваа црква кога епископот ја напуштил поради страшните мачители... Опасноста е значи таа. А каква е помошта? Лесна и не многу тешка, треба само да се подаде раката. Ако се удостоиш, ти нашиот велик господар и заштитник да издадеш своја почитувана сигилија на оние што силниот и свети наш господар и цар ги даде на епископот и кои порано живееле околу црквата, а потоа се разбегале поради епирии, тие ќе поверуват на (сигилијата) и ќе излезат од шумата..."[158].

Податоците од ова Теофилактово писмо научниците ги прокоментирале доста различно. Така, Ксаналатос, кој ги разгледал епириите врз основа на преписката од Теофилакта[159], се искажал, според нас, погрешно, кога навел дека вестите од Теофилакта говореле оти населението се разбегало не поради епириите туку поради надворешната опасност[160]. Симеон повеќе се доб ижил до вистината кога заклучил дека „епископијата, бидејќи се наоѓала на пат или раскрсница, била изложена на многу и големи пакости и неспокојства од „страшните наветници", т. е. од претставниците на фискалната власт, кои посегнувале врз правата на црквата и покрај тоа што тие биле установени со императорски грамоти"[161]. Податоците од Теофилакта погрешно ги разбрал В. Николаев кога се изјаснил дека архиепископот „сакал селаните од спомнатото село да бидат признасни од императорската власт за парици на Архиепископијата и така, заради привилегиите со кои се користела Архиепископијата, да бидат ослободени од државните даноци. Јасно е — нагласува Николаев — дека архиепископот не би можел да бара ослободување од задолженијата на новите пасоми во воено време, кога непријателот бушувал во самата територија на Империјата. Впрочем, од самиот текст на Теофилактовото писмо се гледа дека тука станува збор за признавање на црковно владеење над едно село што би гарантирало закрепостените селани — париците да бидат заштитени од самоволието на произволот на државните даночни чиновници. Интересен е терминот што го употребува Теофилакт за означувањето на овие закрепостени селани. Тој ги наречува пароикои или проскатимени"[162].

Ваквото искажување на Николев трпи критика. Пред сè овие парици — проскатимени не припаѓале на цело село, ами биле одделени од општината и доделени на феудален господар, а таков бил, во конкрет-

---

[158]. Theophyl., col. 529, A—B—C—D. Сп. исправка на текстот од М. Семеон, Писмата, стр. 214—215; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 329, бел. 70; Византиски извори за историју народа Југославије, т. III. Београд 1966, стр. 295—297 и белешките.

[159]. D. A. Xanalatos, Beiträge..., S. 47 sq.

[160]. D. A. Xanalatos, Beiträge..., S. 78. Сп. ја критиката од Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 329, бел. 70.

[161]. М. Симеон, Писмата, стр. 216.

[162]. В. Николаев, Феодални отношения..., стр. 189—190.

ниот пример, епископот на Девол[163]. Оттука, Николаев греши кога вели дека архиепископот барал овие селани да бидат признаени за парици на Архиепископијата. Теофилактовото барање, напротив, било насочено кон тоа луѓето на црквата да се ослободат од епириите, бидејќи поради нив избегале во шумата. Дека поради тоа тие избегале во шумата, се искажал и Г. Литаврин. Според него, епириите од кои се разбегале споменатите луѓе биле сврзани со обврски да се опслужува важниот пат (Via Egnatia) кој поминувал низ Девол[164].

Суштината на барањето на Теофилакта се состоело во тоа што црквата во Девол ги загубила привилегиите со кои се користела пред тоа. Тоа е разбирливо, бидејќи норманско-византиската војна и српските завладувања во овој период изискувале византиската војска во овие краишта да биде двојно и дури трајно зголемена. Тоа, пак, довело да се зголемат вонредните давачки и другите обврски на населението од овие краишта. Оттука, овие се причините што Теофилакт навел во писмото дека луѓето на епископијата во Девол доста страдале поради тоа што црквата се наоѓала на пат, па сите минувачи земале оттука сè што им било потребно, како што било случај и со лозјето на Давида. На мислење сме дека епириите ги наложувале не само државните чиновници туку и војската. Дека во овие краишта била сместена голема војска се гледа од податоците на други Теофилактови писма. Во едно писмо Теофилакт наведува дека околу Преспа и Девол се наоѓала војска, на која тој се повикувал како на сведител за решавање на спорот меѓу Вутов и Ламбин[165]. Исто така и во 18-то по Ламија писмо архиепископот говори за слично. Тука наведува дека не би требало да се зема масовно населението од Охридската тема во војска, бидејќи областа била на пат и служела за спас на сите патници[166].

Давањето бесплатна храна и потслон на воените единици, кога тие поминувале по селата, била таква епирија што се означувала со изразот митатон (μιτάτον)[167]. Ксаналатос утврдил дека за митатон Теофилакт зборува во 56-то по Меусрија писмо, Во него архиепископот пишува дека архиепископското село Цркви (’Εκκλησίαι) во кое црквата имала куќа за скалдирање на сè што и’ е потребно, било изложено на заземање од луѓето на пансевастот. Затоа Теофилакт го молел Николај Каликли да се заземa за да не се вознемируваат луѓето што живееле во ова

[163]. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 181 сл.
[164]. Ibid,. 330.
[165]. Theophyl., col. 532, B.
[166]. Ibid., col. 532, D—533, A.
[167]. Сп.: С. Бобчевъ, Титли и служби въ областното управление на старовремска България (споредь грамотите на българските царе). Известия на Историческото дружество въ София, кн. XI—XII (1931—1932), стр. 236; П. Тивчев, За класовата борба. . . стр. 85; „Historija naroda Jugoslavije,", I, str. 308. Овде е искажено мислење дека осигурувањето стан и храна на чиновниците значело аплектон; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 331, бел. 76. Тој смета дека митатонот значел обврска да им се дава стан на војската и чиновниците. Цанкова, пак, се изјаснила дека митатонот значел обезбедување храна и станови од населението за војската по многу ниски цени (Г. Цчанкова—Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 18).

село[168]. Овде навистина податоците говорат за епиријата митатион, зашто имаме пример војската на пансевастот да бара стан и храна.

Во преписката на Теофилакт има доста материјал и за паричната рента. Теофилакт сведочи дека парите во негово време биле доста во движење. Всушност, сè повеќе натуралната рента почнала да се претвора во парична по извршената реформа во Византија во 1040 г. Оттогаш регуларните државни даноци почнале да се земаат место во натура во пари. За да дојдат селаните до пари сега требало да одделуваат дел од производството за пазарот. Што значи, стока и продукти требало да се носат на пазарот за да се добијат пари и да се плати данокот. Ова пак, од своја страна, покажува дека почнала една нова етапа во развитокот на феудализмот, кога се дало силен замав на развитокот на стоковно-паричните односи. Претворањето на дел од натуралната рента во парична и утврдувањето на стоковно-паричните односи во XI век говори за тоа дека феудализмот достигнал повисок степен на развиток на производните сили[169].

Во периодот за кој Теофилакт е свидетел, паричната рента не достигнала такви размери за да се каже дека таа преовладувала. И во овој период работната и натуралната рента биле главните извори на приходи на феудалците[170]. Зависните луѓе ги плаќале државните даноци (централизирана рента) преку своите феудалци. Плаќајќи ја централизираната парична рента феудалците секогаш настојувале да земат повеќе и така да задржат и за себе, покрај она што го земале преку давањето на приватновладетелската рента. На овој начин тие доста се збогатувале. Теофилакт Охридски, на пример, бил обвинет дека секој ден броел „со крини златни монети"[171]. Честа била појавата место непосредните производители феудалните господари да ја носат на пазар стоката. Во таквите случаи тие истапувале на пазарот не како консуматори туку како доставувачи на селско-стопанските производи[172]. Веста од Теофилакт дека имало лица во Македонија кои натрупале „илјадници таланти", кои биле „покриени со солзи и болки"[173], говори исто така во прилог на тоа дека феудалците не бирале начини за да го зголемат своето богатство. Во повеќето случаи феудалните господари, откако ќе ги подмирале давачките спрема државата, не ги пуштале парите во движење, туку,

---

[168]. Theophyl., col. 473, C—D—476, A. Сп.: D. A. Xanalatos, Beiträge. . .,S. 48—49; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 331, бел. 76: П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 85, Без основа е сомнението на Николаев („Феодални отношения. . .", стр. 190—191) дека мислењето на Ксаналатоса било сомнително, бидејќи тука не станувало збор за таква обврска.

[169]. Сп. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента. . . стр. 23—25.

[170]. С. Лишев, За стоковото производство във феодална България. София 1957, стр. 70; од истот: За проникването и ролята на парите във феодална България. София 1958, стр. 152 сл.

[171]. Theophyl., col. 500, A.

[172]. Сп. за такви примери кај М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине. . ., стр. 19 сл.

[173]. Theophyl., col. 372, A—B.

како што известува самиот Теофилакт, ги чувале во невидливи скровниници[174], во земјени садови[175].

Во ова време била честа појавата внатре во феудалните стопанства да се организира пазар или панаѓур и на тој начин феудалците полесно да ја продаваат својата одвишна стока, а и производите на своите зависни луѓе. На овие пазари и панаѓури доаѓал и непосредниот производител за да ги продаде своите минимални производи и така да се здобие со нужните пари за плаќање на даноците. На овие пазари или панаѓури, освен зависните селани доаѓале и оние кои им припаѓале на слободни општини, кои исто така продавале стока за да ги платат државните даноци на даночните чиновници, или пак на откупниците на даноците од одделните места. Често се случувало овие селани да не можат да ги платат даноците. Во таквите случаи, како што дознаваме од Теофилакта, родителите се принудувале да ги продаваат во ропство своите деца[176].

Теофилакт Охридски соопштува дека државната администрација секогаш се стремела во Македонија да испраќа „построги надгледувачи на работата", кои настојувале „клириците да се соблечат и оголат, парите да се пребројат и на тенко да се пресметаат и земјата да се измери по скоковите на болвата"[177]. Архиепископот наведува само еден случај, кога црквата не и плаќала даноци на државата. Тоа било случај со селото Могила, кое црквата го владеела незаконски. По извршената ревизија било решено тоа ди и се одземе на црквата, со намера да му се даде на друг. Откако Теофилакт увидел дека не ќе може да го задржи, почнал да го моли еден од своите влијателни застапници тој да настојува да и остане селото на црквата, кога притоа се согласил да и го плаќа на државата основниот земјишен данок-ѕевгологионот[178]. Цанкова-Петкова дошла до убедување дека за ова село црквата имала извесно време полн финансиски имунитет, поради што, можеби, императорот го одзел за да го даде на друг[179]. Друг став зазел Литаврин. Според него, ова село до усвојувањето од Архиепископијата припаѓало на слободни селани. Од почетокот во него Архиепископијата имала само стопанство и некаков дом, а потоа го завладеала сето село. Него извесно време го владеела без да и плаќа ништо на државата. Дури кога било установено со извршената ревизија дека ова село Архиепископијата го владее назаконски, со договорот со месниот даночен чиновник, по вторпат и било одземено. Затоа Литаврин не се сложил со оние што сметале дека ова село било сопственост на привилигираната Архиепископија[180].

---

174. Ibid., col. 400, D.

175. Ibid., col. 388, C.

176. Ibid., col. 405, C.

177. Ibid., col. 316, B.

178. Ibid., col. 533, D—536, A—B.

179. Г. Цанкова—Петкова, Феодалното земевладение..., стр. 299. Слично се има изјаснато и Делгер (F. Dälger, Beiträge..., S. 101).

180. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 82—85.

Веста од Теофилакт дека во почетокот црквата го владеела ова село без да плаќа даноци, зашто неа Дуковците ја претпочитале[181], говори во прилог на сфаќањето дека ова а и други села таа ги завладеала пред да дојдат уште на власт Комнените. Во 1081 година, со доаѓањето на власт на Алексиј I Комнен, ситуацијата во државата била таква што требало да се најдат нови извори на приходи. Малоазиските поседи на Византија и биле скратени, а заедно со тоа и приходите оттука. Освен тоа, за да ја зајакне војничката моќ на Византија, Алексиј I Комнен ја раширил пронијарската институција. Во негово време бил голем бројот на пронијарите што добиле имоти и работно население по течението на Вардар и Струма[182]. Овие лица добиле пред сè земји од слободни селски општини, со што државата и оттука делумно или целосно се лишила да добива даноци. Затоа и тоа влијаело државната администрација да врши почести ревизии за да ги открие незаконски присвоените поседи и селани.

Од кореспонденцијата на Теофилакта може да се види дека основен земјишен данок бил ѕевгологионот (ζευγολόγιον)[183]. Освен во ова писмо, за него Теофилакт соопштува и во друго писмо, во кое наведува дека свештениците од Полог, иако биле ослободени од даноци, сепак морале да го плаќаат ѕевгологионот[184].

Во науката сè уште се води дискусија за суштинското значење на ѕевгологионот. Поради скудните вести за ѕегвологионот и во другите извори, научниците не успеале да дадат задоволително објаснение, т. е. не го кажале дефинитивниот збор. Ксаналатос, кој е еден од добрите познавачи на вестите од Теофилактовата преписка, дошол до убедување дека ѕевгологионот бил данок на работниот добиток или на чифт волови[185]. Ова гледиште го прифатиле како уверливо Николаев и Тивчев[186].

Друго гледиште имал Ф. Успенски. Тој се изјаснил дека ѕевгологионот и ѕевгарионот биле исти по своето значење. Според него, вестите од Теофилакт се совпаѓале со вестите од Кедрин, дека Македонија била „обложена со определен данок на дел земја, обработувана со чифт волови"[187]. Ваквото објаснување на Успенски, Василевски го сметал недоволно за да се сфати суштината на ѕевгалогионот. Но и тој не дал

181. Theophyl., col 533, D—536, A.

182. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 151.

183. Theophyl., col. 536, A. За различните називи на основниот земјишен данок види: Г. Цанкова—Петкова, За аграрните отношения в средновековна България XI—XIII в., стр. 140—145.

184. Theophyl., col. 516, D: ζευγόλεω τέλει. Овој дел од текстот го исправил Симеон, предложувајќи да се чита: ζευγολογίου τέλει („Писмата. . .", стр. 200). Со ваквата исправка се сложила и Леруа—Молинген („Prolégomènes. . .", p. 256). Исправките од Сиемон ги прифатиле уште Николаев („Феодални отношения. . .", стр. 212—213) Цанкова—Петкова („Феодальная рента. . .", стр. 8, бел. 39). Во Будимпештанскиот ракопис (f. 7 ) стои: ζευγολόγου τέλει Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 318, бел. 33.

185. D. A. Xanalatos, Beiträge. . ., S. 40—41.

186. В. Николаев, Феодални отношения, стр. 183—184; П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 82.

187. Ф. Успенский, Образование второго болгарского царства, стр. 162.

задоволувачко објаснување на овој данок[188]. Едноставно се изјаснил дека ѕевгаратикионот бил основниот земјишен данок. Според него, тој бил данок на чифт впрегнат добиток (ѕевгарион)и на земјата што се обработувала со него[189]. Исто така и Соловјев и Мошин дошле до становиште дека не е сосема јасно дали ѕевгаратикионот бил идентичен со ѕевгологионот[190]. Митрополит Симеон, врз база на вестите од писмата на Теофилакт, исто не можел да си ја разјасни суштината на ѕевгологионот. Поаѓајќи од тоа дека во турско време населението плаќало данок ,,чифт параси", кој, според него, означувал данок врз двата вола и кој не бил сврзан со размерот на земјата, се изјаснил дека тој се плаќал за впрегнатиот добиток. Поради тоа ѕевгологионот споменат од Теофилакт и го сфатил дека значи данок ,,за впрегнатиот добиток"[191]. А. Каждан исто така не можел да даде точен одговор на прашањето: во каков однос се наоѓал ѕевгаратакионот од ѕевгологионот — данок кој бил познат од изворите на XI—XII век и чие значење сè уште не е изјаснато[192]. Дека прашањето околу ѕевгаратикионот и ѕевгологионот сè уште не е разјаснато, се изјаснил и Д. Ангелов. Тој смета дека данокот волоберштина од подоцнежно време одговарал на данокот земан за воловите, веројатно врз двата впрегнати добитоци, а кој данок бил познат во Византија под називот ѕевгаратакион или ѕевгологион[193]. Почетното гледиште и на Ф. Делгер се сведувало на тоа дека ѕевгологионот бил земјшен данок и дека бил идентичен со ѕевгаратикионот[194]. Подоцна, меѓутоа, тој го коригирал своето гледиште, кога дошол до убедување дека постоела разлика меѓу ѕевгаратакионот и ѕевгологионот. Според него, ѕевгологионот значел такса за установување на животните што се употребувале како работен добиток[195].

По на прав пат, според нас, се оние научници што се изјасниле дека ѕевгологионот значел земјишен данок. Врз база на вестите од писмото на Теофилакт, кои говорат дека свештениците од Полог биле обложени со данокот ѕевгологион, А. Леруа-Молинген дошла до заклучок дека свештениците биле должни да го плаќаат основниот земјишен данок[196]. Како исправно, ова гледиште го прифатиле Литаврин и Цанкова-Петкова. Според Литаврин, ѕевгологионот се одземал во полза на државата

---

188. В. Г. Василевский, Рец. на ,,Образование второго болгарского царства" Феодора Успенского. ЖМНП., ч. CCIV, Июль — Августь. С. — Петербургъ, 1879, стр. 162.

189. В. Г. Василевский, Материалы для внутренней истории Византийского государства. ЖМНП, ч. 202, Апрель, С. — Петербургъ 1879, стр. 366; сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 314.

190. А. Соловјев — В. Мошин, Грчке повеље српских владара. Београд 1936, стр. 442 сл.

191. М. Симеон, Писмата, стр. 200, 203—204.

192. А. П. Каждан, Аграрные отношения. . ., стр. 122—123.

193. Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония, стр. 213, бел. 1.

194. F. Dölger, Beiträge. . ., S. 53.

195. F. Dölger, Zum Gebührowesen der Byzantiner. ,,Etudes dédiées a la mémoire d'Andre Andréadès". Athènes 1939, p. 26.

196. A. Leroy—Molinghen, Prolégomènes. . ., p. 257—258. Слично се изјаснил и Ив. Снегаров (,,История на Охридската архиепископия. . .", I, стр. 67).

за владеење на добиток и земја, т. е. тој бил регуларен данок и бил еден од главните што го плаќала црквата за поседуваната земја и работниот добиток, кога се исклучувало само за еден ѕевгар[197]. Г. Цанкова-Петкова, пак, како и Симеон, побарала податоци за разјаснување на суштината на ѕевгологионот во подоцнежните извори, во турските. Притоа дошла до констатација дека во османскиот даночен систем данокот ресм-— и чифт, кој буквално значел „данок на чифт", се плаќал за земјата, обработувана „со еден или повеќе чифта" (волови) и бил приклучен кон земјишниот данок[198]. Овој данок, според неа, наполно одговарал на ѕевгологионот. Затоа, за разлика од Симеон, таа се изјаснила дека ѕевгологионот бил основниот земјишен данок, што се уплатувал истовремено и за обработуваната земја и за добитокот што служел за нејзиното обработување[199].

Меѓу Цанкова и Литаврин постои една разлика во поглед на утврдувањето дали ѕевгологионот бил главниот основен земјишен данок што и го плаќале селаните на државата. Литаврин смета дека тој не бил главниот земјишен данок[200]. За него таков бил ѕевгарионот, кој бил наложуван на чифт волови и соодветен дел земја. Дали тој се викал ѕевгаратикион или канон, синона или капникон, ситаркија и сл. претставувал основна обврска која до 1034—1040 се давала во натура а потоа во пари[201]. Освен во Бугарија и Македонија, ѕевгарионот го претставувал основниот земјишен данок, според Литаврин, и во Византија, кога се земало една номизма од чифт волови и од дел земја од прв квалитет, чиј износ изнесувал 40—50 модија[202]. Врз база на податоците од Теофилактовата кореспонденција, Литаврин утврдил дека црквата била ослободена од доставување на основниот и главен земјишен данок — ѕевгарионот. Тоа што црквата не била ослободена од ѕевгологионот, смета тој, говори дека не би требало да се изедначуваат главниот земјишен данок — ѕевгарионот со ѕевгологионот, зашто ограничувањето на екскусијата не го засегнало главниот земјишен данок, па зато ѕевгологионот немал никакви врски со него[203].

Цанкова-Петкова, според нас, е по убедлива кога вели дека податоците од Теофилактовите писма, а и другите извори, говорат во прилог на тоа дека основен земјишен данок бил ѕевгологионот. Него го плаќале како државните селани така и париците од феудалните стопанства, кои користеле ограничен имунитет. При полн имунитет приватновладетелските парици биле ослободени од сите даноци, вклучувајќи го тука и севгологионот. Според неа, севгарионот означувал стопанска и даночна

---

[197]. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 320—321.

[198]. Сп. В. Мутафчиева, Феодална рента, присвоявана от ленния държател с оглед на нашите земи през XV—XVI в. Известия на ИБИ, т. VI. София 1957, стр. 179—181.

[199]. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 8, бел. 36, стр. 9; од истата: Феодалното землевладение. . ., стр. 298, бел. 6.

[200]. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 318.

[201]. Ibid., 316—317.

[202]. Ibid., 315.

[203]. Ibid., 316—317.

единица, кога селаните се разделувале во зависност од размерот, видот и квалитетот на своите поседи, на ѕевгаратни (кои имале еден ѕевгар земја, обработувана со чифт волови), двоѕевгаратни (два ѕевгара земја), воидатни (кои имале помалку од еден ѕевгар). Во зависност од тоа делење тие биле внесувани во даночните списоци и на тој начин се одземал и данокот ѕевгологион. Значи, размерот на ѕевгологионот зависи од количината и од квалитетот на обработуваната земја, а исто така и од бројот на работниот добиток. Цанкова е на мислење дека во подоцнежните документи ѕевгологионот се среќнува и под други имиња: под ѕевгаратикиот или ѕевгарион итн[204].

Поаѓајќи од фактот дека во разгледуваниот период црквата располагала со ограничен имунитет, може појасно да се сфати зошто таа била должна да го плаќа ѕевгологионот, ослободувајќи ја државата само од еден ѕевгар. Во писмото до Вриениј, Теофилакт соопштува дека и пред неговото доаѓање во Охрид клириците „откако се ослободуваа од данок на еден ѕевгар за сè друго тие и плаќаа на хазната"[205]. Ова, пак, говори дека црквата користела ограничена екскусија уште пред да дојдат на власт Комнените. Разликата само сега била таа што екскусијата на црквата била уште повеќе ограничена, а што било резултат од зајакнувањето на централната власт. Сега државата можела поуспешно да води сметка за данокоплаќачите. Теофилакт Охридски соопштува дека даночните чиновници толку многу се грижеле околу приходите на државата, што, за да извлечат повеќе, дури ја скусувале мерката, т. е. јажето со кое се измерувала земјата. Освен тоа, тие оделе кон тоа да ги зголемуваат и парициte, за кои црквата морала да доставува соодветни давачки. Овие мерки доста ја погодиле материјалната страна на црквите. Тоа се гледа и од пишувањето на Теофилакт, кога тој, меѓу другото, го вели и тоа дека државниот даночен чиновник се заканувал „дека за подарените на црквата парици. . . нема ништо да и отстапи на црквата, освен само данокот на еден ѕевгар"[206]. Известувањето од Теофилакт дека тој побарал од државниот даночен чиновник при вклучувањето на подарените парици во даночните списоци да се води сметка за нивната имотна положба, од една страна, како и известувањето дека чиновникот се заканувал оти при опишувањето на „данокоспособноста на секого" ќе барал „црквата да плаќа за првиот како за седмиот"[207], од друга страна, јасно сведочи дека зависните луѓе на црквата морале да и доставуваат на државата за сè што било повеќе од еден ѕевгар. Скалата од 1—7, по која се пресметувала данокоспособноста на луѓето, исто така покажува дека постоеле ѕевгаратни, диѕевгаратни, воидатни и други видови данокоплаќачи, чија данокоспособност се измерувала во зависност од тоа со колку работен добиток се располагало, со колку земја, каков бил нејзиниот

---

[204]. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента, стр. 8—9.

[205]. Thephyl., col. 448, B.

[206]. Ibin., col. 449, C—452, B.

[207]. Ibid., col. 449, C.

квалитет итн. Закaнувањето, пак, на даночниот чиновник дека тој ќе побарал црквата да плаќа за првиот како за седмиот, говори во прилог на тоа дека даночните чиновници секогаш не се држеле до привилегиите што ги користела црквата. Во Теофилактово време имало случаи клириците на црквата да не се ослободуваат и од данок еден ѕевгар[208]. Теофилакт известува дека клириците биле терани за државата „да доставуваат нешто повеќе од тоа што го даваа порано", т. е. дека се „зголеми изискувањето"[209]. Што значи, за разлика од времето на Дуковците, кога црквата повеќе се претпочитала[210], сега, во време на Комнените, не само што не била прескокната да ги држи незаконски присвоените села, туку таа била ограничена и во ослободувањето да не плаќа за тоа што се паѓа на еден ѕевгар.

Врз овие Теофилактови податоци би можело да се заклучи дека ѕевгологионот бил основниот земјишен данок. Него го плаќале луѓето независно од тоа на какви господари им припаѓале. Тие биле оданочувани во зависност од квалитетот и големината на обработливата земја, како и од бројот на добитокот со кој се обработувала таа. Црковните парици и клирици по силата на ограничената ексусија се користеле со правото да не плаќаат на тоа што се паѓа на еден ѕевгар. Но овие права на црквата не секогаш и не насекаде ги почитувале практорите (даночните чиновници). Освен тоа, од писмата на Теофилакта се заклучува дека ѕевгарионот бил финансиско-стопанска единица за определување на размерот на ѕевгологионот.

Кон групата даноци што се плаќале во пари, спаѓал и еномионот (ἐννόμιον), кој уште се викал и ὀρεική. Него го плаќале луѓето поради изведување на добитокот на пасиште. Што значи, тој бил данок за пасиште. За него Теофилакт не говори директно туку индиректно, кога извршил размена на свои планински пасишта за едно државно село, со цел да ја користи службата на париците[211]. Данокот од ваквите пасишта обично се викал ὀρεική, горнина[212]. Споменативе планински пасишта спаѓале во „господарската земја" на архиепископот, па затоа данокот што го земал за пасиштето одел во неговата каса. Од други извори се дознава дека размерот на данокот за пасиште изнесувал: за една глава крупен добиток (крава, коњ, магаре и сл.) по 1 милиарсија и по 1 номизма за 100 овци[213]. Теофилакт собирал данок од планинските пасишта сè додека не ги разменил за селото. По размената пасиштата ги добила државата. Според Литаврин, данокот за пасиште од овие планински

---

208. Ibid., col. 448, C.

209. Ibid., col. 448, B—C.

210. Ibid., col. 533, D—536, A.

211. Ibid., col. 424, A; 457, C—D. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия стр. 324, бел. 46.

212. А. Соловјев—В. Мошин, Грчки повеље. . ., стр. 431.

213. Fr. Miklosich—J. Müller, Acta et diplomata, VI, p. 15. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 82.

места бил значително голем, зашто, смета тој, во спротивно државата не би се согласила да отстапи цело село заедно со париците[214].

Во време на Теофилакта, населението на Македонија плаќало и капникон (καπνικόν). Тој бил еден од оние редовни даноци кој го заменил познатиот од рановизантиската епоха поголовен (личен данок) — capitatio humana. Сега тој не се плаќал по глава, а на огниште или дим (καπνός), т. е. на домаќинство[215].

Капниконот не се одземал еднакво од сите домаќинства. Неговиот размер зависел од имотната положба на домаќинството. Овој вид данок го плаќале сите селани кои располагале со самостојно стопанство, без разлика дали тоа поседувало обработлива земја[216]. Капниконот го уплатувале како ѕевгаратните, така и воидатните парици, а и оние што немале обработлива земја. Кон последните се вбројувале актимоните, кои уште се именувале како капникари (καπνικάριοι), бидејќи плаќале капникон[217].

Теофилакт скоро не спомнува за капниконот. Тоа го констатирал Ксаналатос, кога се изјаснил дека во Теофилактовата кореспонденција нема податоци за поголовниот данок[218]. Инаку сметал Николаев. Тој се изјаснил дека терминот „отрочина" (ὀτρωτζίνα) што го споменува Теофилакт дава можност да се говори и за поголовниот данок. Според него, отрочината означувала данок „и тоа наречен extensionen од „отрок" — млад маж, ратај или воопшто селанин кој работел земја[219]".

Поаѓајќи од фактот дека отроците биле снабдувани со земја и така формирале свое самостојно стопанство[220] кога на него засновувале свое домаќинство, има основа да се мисли дека „отрочината" бил данок кој го плаќале феудалците во името на потчинетите отрочки домаќинства[221]. Известувањето од Теофилакт дека од свештениците на Полог

---

214. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 314. Ксаналатос („Beiträge. . ., S. 41—42) и Цанкова — Петкова („Феодальная рента. . .",стр. 10) се изјасниле дека еномионот бил сличен на десетината. Спротивно мислење има Каждан. Според него, еномионот се разликува од десетините и тој бил данок за пасиште (А. П. Каждан, Аграрые отношения. . ., стр. 123—124, бел. 3).

215. Сп. П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 80; Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 10. Во подоцнежните документи капниконот се сретнува под изразот „димнина" (Сп. Д. Ангелов, Аграрните отношения. . ., стр. 311—212.).

216. F. Dölger, Beiträge. . ., S. 54; Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента, стр. 10.

217. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 177—178. Сп. П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 80.

218. D. A. Xanalatos, Beiträge. . ., S. 40.

219. В. Николаев, Феодални отношения. . ., стр. 184.

220. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 17.

221. Од подоцнежни документи се дознава дека отроци во Македонија имале не само крупните нмансатири и цркви, туку и световните феудалци. Отрочките домаќинства се сретнуваат заедно со паричките. Од Кончанскиот практик, на пример, се дознава дека во селото Конча од 45 куќи 44 биле на парици а само една на отрок. Во Тморуни, пак, имало 33 парички семејства и 15 отрочки итн. (Сп. Д. Ангелов, Аграрните отношения. . ., стр. 108—110).

сеземало „отрочина" за отроците кои ги владееле[222], нè тера исто така да се изјасниме дека овие отроци имале создадено свои домаќинства на поседите на „господарската земја" на свештениците, односно на црквата. Со оземјувањето на отроците феудалците автоматски ја зголемувале можноста да ги зголемат своите приходи од своите поседи, зашто сега, освен од парициите, и од отроците кои живееле во истите села се барало да даваат давачки во секој вид, а исто така да извршуваат и бесплатна работа. На таквите оземјени луѓе, кои организирале сопствени стопанства, во кои до максимум развивале интензивна работа, природно е што државата ставала рака, т. е. ги оданочувала преку данокот капникон. Затоа Теофилакт се бунел кога и за таквите безземјаши, кои не располагале со ништо државно, а организирале стопанства на црковниот фонд земја, се барало црквата да плаќа отрочина. Тоа што Теофилакт вели оти свештениците биле терани да даваат и отрочина, всушност говори за тоа дека со приходите од црквоните поседи, кои располагале со ограничен имунитет, се користело духовништвото, за што говори и Теофилакт во преписката[223].

Дека феудалните господари биле заинтересирани зависните луѓе да создаваат продуктивни стопанства, соопштува и самиот Теофилакт. Тој, на пример, им дозволил на сиромашните луѓе да ловаат на неговите струги (рибници)[224]. Исто така на пет мирјани им дал малку добиток за поткрепа[225]. На овој начин таквите луѓе можеле да создават услови за организирање на стопанство. Оттука, за време на ревизијата, таквите луѓе биле внесувани во спицоците дека поседуваат добиток и сл., со што се оданочувале да даваат десеток на добитокот итн.[226]. Инаку, зависните луѓе го уплатувале капниконот не само во зависност од категоријата на која и припаѓале, туку и според нивната имотна положба. Според некои автори, размерот на капниконот се движел меѓу 1/6 и 1/2 номизма[227].

Покрај гореспоменативе регуларни даноци, феудално-зависното население и плаќало на државата и постојани дополнителни даноци. Меѓу таквите прво место заземал аериконот (ἀερικόν). Тој се наложувал на целото село и се земал од неговите жители зависно од штетите што ги имале направено[228].

---

222. Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 189, бел. 72, каде што е дадена исправка на текстот од Мињевото издание по споредувањето со Будимпештанскиот ракопис.

223. Theophyl., col. 341, D.

224. Ibid., col. 517, D—520, A.

225. Ibid., col. 449, A—B.

226. Ibid., col. 449, B. Поаѓајќи од овој податок, Фрејденберг дошол до заклучок дека Теофилакт им давал добиток на овие селани за да го користат во стопански. поглед (М. М. Фрейденберг, Монастырская вотчина в Византии XI—XII в., стр. 72) Според Каждан, парикот—преселник во X век претставувал селанец кој арендувал туѓа земја, бидејќи тој давал капникон и др. (А. П. Каждан, Формирование феодального поместья. . ., стр. 110).

227. Сп.: F. Dölger, Beiträge. . ., S. 52; П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 80.

228. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 10—11.

Кај Теофилакта се кратки вестите за аерикот. За него тој соопштува во писмото каде што стои дека на свештениците од Полог им било одземено освен отрочина и аерикон[229]. И другите современи извори даваат скуден материјал за аериконот. Во Стратегиконот на Кекавмен само се вели дека откупниците на даноците го одземале неправично аериконот[230]. Кедрин, пак, известува дека императорот Михаил Пафлагонец во 1039 година наредил секое село да дава, покрај другото, и сума од 4—20 номизми ὑπὲρ ἀερικοῦ[231]. Аериконот се споменува исто така и во еден од хрисовулите на манастирот Богородица Милостива кај Струмица, во кој се вели дека на подарените 12 парици на манастирот императорот ги ослободил освен од други даноци и од аериконот[232]. Во еден од хрисовулите на Алексиј I Комнен, од 1088 година, се вели дека аериконот бил поголовен данок (προσόδου ἀερικοῦ)[233].

Како што гледаме, и Теофилактовите вести, а и другите, не го даваат вистинското значење на аериконот. Во историографијата преовладало гледиштето на Панченко, кој, уште во XIX век, дошол до сознание дека аериконот претставувал еден вид судска казна. Аериконот се земал од виновникот и за пострадалиот и за државата[234]. По Панченко, голем број научници исто така се изјасниле дека во XI век податоците од Кедрин говореле дека аериконот бил наложуван како судска казна на целото село[235]. Каждан, пак, конкретизирал дека аериконот се земал понекогаш во однапред определени размери или пак како специјални собирања во полза на чиновниците и сл.[236]. До интересно мислење дошол Тивчев.

---

229. Во Мињевото издание текстот е поврден и затоа во него ги нема аериконот и отрочината (Teophyl., col. 517, A—B). Затоа Успенски („Образование. . .", стр. 21) и Симеон („Писмата. . .", стр. 200) ги испуштиле од предвид овие два даноци. Текстот го исправила Леруа-Молинген („Prolégomènes. . .", p. 257). Како точна оваа исправка ја потврдува Будимпештанскиот ракопис (Сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 325, бел. 49).

230. Cecaumeni Strategicon et incerti scriptoris de officiis regiis Libellus, ed. B. Wassilewsky — V. Jernstedt. Petropoli 1896, p. 40; сп. А. Соловјев — В. Мошин, Грчке повеље. . ., стр. 384.

231. Georgius Cedrenus, Ioannis Scylitzae ope ab I. Bekkero suppletus et emandatus II. Bonnae 1839, p. 521; сп. А. Соловјев — В. Мошин, Грчке повеље. . ., стр. 384.

232. L. Petit, Le monastère de Notre Dame de Pitié en Macédoine. Известия РАИК, VI (1900), p. 30. Сп. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 7—8.

233. Fr. Mikloscich — J. Müller, Acta et diplomata, p. 47; сп. Б. Т. Горянов, Поздневизантийский иммунитет, стр. 198.

234. Б. А. Панченко, О тайной истории Прокопия. Виз. временик, III (1890) стр. 57—511.

135. А. П. Каждан, Аграрные отношения. . ., стр. 56; од истиот: Деревня и город. .. стр. 150 и наведената таму литература; В. Николаев, Феодални отношения. . ., стр. 213, бел. 3; F. Dölger, Das ἀερικόν. Byzantiniche Zaitschrift, XIX (1929—1930), S. 450—457; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 324—325; Г. Цанкова—Петкова, Югозападните български земи през XI век според „Стратегикона" на Кекавмен. Известия на ИБИ, 6 (1956), стр. 606—607, бел. 4; од истата: Феодальная рента. . ., стр. 10—11; Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 83.

236. А. П. Каждан, Деревня и город, стр. 150 и посочената литература.

Тој смета дека изворите од XI век го претставуваат аериконот како некаков данок сврзан со добитокот[237]. Врз база на податоците од Теофилактовата преписка, Цанкова-Петкова констаирала дека при земањето на аериконот не секогаш постоел ист критериум. Тој се земал произволно од сите селани[238]. Литаврин, пак, наведува дека податоците од Теофилакта го натерале да заклучи дека свештениците од Полог се обложувале да даваат аерикон неправично од страна на државните чиновници, зашто тие се суделе од епископите за обичните дела[239].

Веста од Теофилакт дека даночните чиновници земале од свештениците на Полог освен отрочина и аерикон, овозможува да се потврди податокот од хрисовулот на Алексиј I Коменен, кој говори дека аериконот бил поголовен данок. Со отрочина се задолжувале свештениците бидејќи владееле со отроци. Затоа од овие зависни луѓе, кои живееле на „господарската земја" на црквата, односно на свештениците, се земал аерикон преку нивните господари. Иако Теофилакт известува дека свештениците биле ослободени од сѐ друго само не и од земјишниот данок — ѕевгологионот[240], сепак, аериконот бил земан од сите луѓе на црквата, без разлика дали тие живееле на „господарска" или „селска" земја. Тоа што свештениците на Полог биле засегнати од аериконот, доаѓа оттаму што тие морале да го плаќаат него од името на своите потчинети луѓе. Имено, свештениците поседувале свои лични поседи кои освен со членови од своите семејства ги обработувале и со помошта на отроци и сл. Како земјата така и добитокот и инвентарот со кои се користеле зависните луѓе биле сопственост на свештениците. Затоа скоро со целокупните приходи од земјата и добитокот се ползувале свештениците[241]. Тоа што Теофилакт се бунел против одземањето на аериконот од свештениците на Полог доаѓало оттаму што биле нарушени привилегиите на црквата да не доставува аерикон. Во принцип црквата била должна да извршува обврски кон државата ако таа располагала со земја и работно население. Само во случај ако црквата или манастирот не располагале со земја и селани биле ослободени од даночно обложување[242].

Од преписката на Теофилакта се дознава дека постоел и данок за воденица (μυλοπάκτον). Во писмото испратено до Вриениј за тоа читаме: „...клириците платиле и за водениците двапати повеќе од мирјаните (λαϊκοί)"[243]. Во истото писмо Теофилакт пишува дека милопактон се земал и од самиот архиепископ: „За да не го посрами уж мојот висок чин тој и од самиот мене дури собрал толку многу, кога за отпорано

---

237. П. Тивчев, За класовата борба..., стр. 83.

238. Г. Цанкова—Петрова, Феодальная рента..., стр. 11.

239. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 325.

240. Theophyl., col. 516, D.

241. Ibid., col. 341—,CD. Сп. за слични примери кај М. М. Фрейденберг, О феодальной воучине..., стр. 26.

242. А. П. Каждан, Формирование феодального поместья..., стр. 118.

243. Theophyl., col. 448, C.

срйнатите воденици посакал сè, а за здравите двојно повеќе отколку од Бугарите (т. е. Македонците)"[244].

Капниконот бил доста чувствителен данок, бидејќи бил доста голем. Една воденица по својот приход била рамна скоро на едно ѕевгаратно стопанство. Ако една воденица била единствена во селото, тогаш данокот (или рентата) од неа изнесувал една до две златни номизми[245]. Цанкова е на мислење дека милопактонот не се земал од сите туку само од оние кои користеле воденица[246]. Тивчев, пак, сметал дека вестите од Теофилакт зборувале оти милопактонот означувал аренда за воденица[247]. Вестите од Теофилакта за милопактонот ги прокоментирал и В. Николаев. Меѓутоа, тој не е прифатлив кога навел дека „воденициите биле изградени на државна земја, а кое се практикувало со цел полесно и поуспешно да се реализира данокот"[248]. Тој сметал дека милопактонот е данокот што се собирал во натура за мелење на брашното, што се земал уште на самото место[249]. Неведувајќи дека воденициите лежеле на државни земји, Николаев всушност го коригирал своето претходно гледиште, искажано во еден претходен труд, во кој пишувал дека" тој (архиепископот, б. м.), како впрочем и други духовни лица, имал свои воденици, за кои архиепископот се плачи дека требало да плаќа данок, дури и за срйнатите во поголем размер од обичните мирски лица"[250].

Податокот од Теофилакт дека тој бил задолжен да и дава на државата милопактон од своите воденици јасно говори дека овие воденици лежеле во владеењата на архиепископот. Освен Теофилакт такви воденици поседувале и други лица. Затоа не може да се каже дека сите воденици биле државни. Дека тоа е така, говорат и други извори.

На пример, Кекавмен ги советувал земјосопствениците своите стопанства не само да ги развиваат во земјоделски поглед, ами освен добиток за обработка на земјата да одгледауваат и свињи, овци и и др., а и да развиваат во нив градинарство да изградуваат и воденици, работилници (κήπους, μυλῶνας, ἐργαστήρια)[251]. Такво било стопанството на Евстатиј Воила, кој самоиницијативно ги исчистил ливадите, посеал

---

[244]. Ibid., col. 449, A: 'Εμὲ δὲ αὐτὸν αὔτω μεγαλοπλεθέστερον εἰσεπράξατο, ὡς μή μοι καταισχύνη τὸν ὄγκον τοῦ ἀξιώματος. Ὅστε ὑπὲρ μὲν καθηρημένων πρόπαλαι μύλων πάντα ἀπήτησεν· ὑπὲρ δὲ σινισταμένων διπλασίω ἢ τοὺς Βουλγάρους.

Дека под споменатите од Теофилакт „Бугари" се подразбираат Македонците, види: С. Антољак, Самуиловата држава. Изд. на Институтот за национална историја. Скопје 1969, стр. 120—122. и сл.

[245]. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 321—322.

[246]. Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента, стр. 16.

[247]. П. Тивчев, За класовата борба..., стр. 86.

[248]. В. Николаев, Феодални отношения..., стр. 187.

[249]. Ibidem

[250]. В. Николаев, Един феодален институт от XI век в нашите земи със специялно предназначение. Манастирът на Григорий Бакуриани (Пакуриан) — средище на византийски презелитизъм между пловдивските армено-павликияни. Известия на ИБИ, 1—2 (1951), стр. 149.

[251]. Cecaumeni Strategicon, p. 36. Сп. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине в Византии..., стр. 25 Фрејденберг смета дека советите од Кекавмен биле упатени до помалите земјосопственици (ц. д., стр. 25—26).

овошки, лозја, изградил воденици и сл.[252]. Исто така и од Типикот на Бачковскиот манастир се дознава дека Григорија Бакуриани му подарил на манастирот „господарски" (δεσποτικῶν) воденици[253]. Бакуриани наредил „едната од господарските воденици (δεσποτικῶν μυλώνων), кои се наоѓаат во Станимака, да меле жито за станоприемницата и еден парик од тоа село да биде ослободен од секаква работа... која целото село ја носи за да и служи само на таа станоприемница; да носи дрвја и вода и да исполнува секаква работа за потребите на посетителите"[254].

И другите извори, како што гледаме, зборуваат дека водениците се наоѓале не секогаш на државни земји, туку и на феудалски. Не е усвоиво исто така и гледиштето дека милопактонот бил аренда за воденица, зашто податоците од Типокот на Бачковскиот манастир, како што видовме, говорат дека зависни луѓе биле одредени од феудалниот господар да се грижат за работата во водениците. Можно е да се отстапувале „господарски воденици" и под аренда, но тоа не значи дека милопактонот ги содржел давачките на арендаторот за феудалниот господар. Напротив, милопактонот ја означувал рентата што се земала од корисниците на водениците како за феудалните господари така и за државата. При полн финансиски имунитет рента од водениците земале само нивните господари. Може да се каже дека населението што користело господарска воденица во повеќето случаи му доставувало на господарот рента во натура, но тоа не значи дека државата земала од таквите воденици централизирана рента во натура.

Во својата кореспонденција Теофилакт наведува дека се земало парична рента од населението на Македонија и од рибните ловишта. Таквиот вид данок се викал виваропактон (βιβαροπάκτον). За него Теофилакт споменува во писмото испратено до Вриениј. Во ова писмо архиепископот се жали дека и од стругите (στρούγαις), кои на грчки ги викале διώρυχας, кои биле „изградени за ловење на риби", од клириците се секако „многупати повеќе отколку од луѓето од простото население[255]". Во истото писмо Теофилакт се оплакува дека и тој самиот бил принуден да плати повеќе од другите:„И од некакво езерско местенце, кое дава беден улов (државниот чиновник) ме принуди (мене) да платам тринаесет (диаболи) од осум статии (струги)[256], макар што јас не извлекував

---

[252]. В. Н. Бенешевич, Завещение византийского боярина XI в. ЖМНП, Май, 1907, стр. 223—224. Сп. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине..., стр. 26.

[253]. Typicon de Grégoire Pakurianos pour le monastère de Petritzos (Bačkovo) en Bulgarie. Византийский временик, XI (1904), стр. 13—14. Сп. В. Николаев, Един феодален институт од XI век..., стр. 123—124.

[254]. Typicon, 48. Сп. В. Николаев, ц. д., стр. 139—140.

[255]. Theophyl., col. 448, C. Сп. други извори за стругите кај: A. Leroy-Molinghen, Trois mots Slaves dans les lettres de Théophylacte de Bulgariae. Annuaire de l'institut de Philologie et d'Histoire orientales et slaves, VI, Bruxelles 1938, p. 111—113; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 322, бел. 43;.

[256]. Theophyl., col. 449, A: Καὶ ἐπί τινι τοπαρίῳ λυμναίῳ, ἰχύων ἄγραν διδόντι πένησσας τρισκαίδεκα κεφαλαίων ὀκτῶ καταθέσθαι ἐξεβιάσατο.

Овој дел од Теофилактовото писмо научниците најразлично го прокоментирале. Успенски („Образование..", стр. 36) се изјаснил дека од ловиштето се земало тринаесет

оттука повеќе риби, едвам во вредност од еден диабол од секоја, во тоа време кој и да е друг за слични места е должен да плати еден диабол (за секоја струга)"[257].

Веста од Теофилакт, дека данокот за рибните ловишта се плаќал во оболи, ги повело научниците да се изјаснат дека овој данок бил плаќан во пари[258]. Меѓутоа, не може да се каже дека во сите ситуации овој данок бил доставуван во пари. Сметаме дека во пари се плаќала централизираната државна рента, додека, пак, приватносопственичката рента на феудалците се плаќала најчесто во натура. Само така, на пример, Теофилакт можел да дојде до големо количество риба, која за време на празниците и сл., како што видовме, ја испраќал до блиски и далечни пријатели.

Известувањето од Теофилакт дека и тој бил теран да им дава виваропактон на државните чиновници, говори и за тоа дека црквата во негово време не била ослободена со имунитетни грамоти да плаќа за рибниците централизирана рента.

Кон давачките во пари треба да се додадат и разните такси кои ги земале феудалците и државата. Теофилакт Охридски известува дека такса се земало и за премин на Вардар. Во врска со тоа му напишал на царскиот лекар Никита дека „соседната река, која што древниот и грчки јазик ја нарекува Аксиос, а новиот и варварски — Вардариј" не можеле да ја поминуваат ниту пешаци, ниту пак коњаници, бидејќи била надојдена поради растопување на снеговите од планините. Вардар не можел да се поминува и преку мост, бидејќи таков немало „поради

оболи на осум штуки. Василевски, пак, сметал дека Теофилакт требало да внесе осум статии на тринаесет („Материалы...", стр. 422). Снегаров застанал на гледиште дека Теофилакт требало да внесе 13 оболи на 8 риби („История на Охридската архиепископия...", I, стр. 69). Симеон сметал дека Теофилакт требало да плати осум на тринаесет („Писмата...", стр. 128). Златарски дошол до заклучок дека Теофилакт морал да плати тринаесет оболи врз основа на 8 статии („История...", II, стр. 300, бел. 1). Најубедливо ни изгледа мислењето на Литаврин, кој смета дека зборот κεφαλαίων ги означувал стругите. Според него, Теофилакт сакал да каже дека место осум диаболи од осум струги се земало 13 диаболи (Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 323, бел. 44).

[257]. Theophyl., col. 449, A. Сп. го преводот од Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 323.

[258]. Ксаналатос, врз основа на Теофилактовото известување, заклучил дека данокот за рибните ловишта се пресметувал во номизми (D. A. Xanalatos, Beiträge..., S. 43). Според Николаев, во ова писмо се велело колку требало да се плати за експлоатирањето на езерото — рибник о Теофилакта. Тој е на мислење дека данокот се плаќал во пари (В. Николаев, Феодални отношения... стр. 187). Дека овој вид данок се плаќал во пари, се изјаснил и Литаврин („Болгария и Византия...," стр. 323. бел. 45). Споредувајќи ги вестите од Теофилакта со други современи извори, Литаврин дошол до заклучок дека оболот најверојатно одговарал на милиарсијата, а диаболот на две милиарсии. Оттука, смета тој, Теофилакт платил за осум струги повеќе од две номизми; 13 диаболи биле рамни на 26 милиарси. Значи, од една струга се земало само две милиарсии (диабол). На таквото гледиште од Литаврина ставил приговор Каждан. Тој е на мислење дека оболот споменат од Теофилакт одговарал на кератијата, а диаболот на милиарсијата. Така гледано, истакнува тој, размерот на обврската се намалува двапати помалу (А. П. Каждан, Рец. на „Болгария и Византия в XI—XII вв." од Г. Г. Литаврин. Краткые сообщения института славяноведения, 37 (1963), стр. 102).

проклетите речни царини" кои се давале за малото ,,коритенце, долго еден лакт", кое уште го викале и брод[259].

Оваа вест од Теофилакта го натерала Николаев да заклучи дека на Вардар немало мост поради тоа што ,,императорските власти собирале царина за преминување на Вардар на местото каде што имало и брод. Веројатно немало мост, смета Николаев, за да може со лаѓи да се пренесуваат патници и стока и за нив да се зема такса. Овие такси очигледно оделе во императорската азна и ги засегнувале сите што ја преминувале реката. Имено поради тоа Теофилакт ги нарекол овие проодни места на Вардар ,,проклети царинаци" и ги споредил со митолошката река Ахерон[260], каде што исто така, требало да се плаќа превозот на душите од умрените. Премините обично се наоѓале на поплитките места на реката, каде што поради таа особеност изникнувала и населба"[261].

Податоците од Теофилакта за царините на Вардар, го натерале и Литаврин да дојде до констатација дека царините биле толку големи што населението претпочитало подобро да не изградува мостови. Литаврин претпоставува и тоа: мост на Вардар немало поради речните царини кои се земале за премин на реката со брод или за поправка и се препишувало за изградба на мостови[262].

Некои од југословенските научници, пак, се изјасниле дека мостови на Вардар немало поради опустошувачките војни, големите давачки за потребите на војската, а, исто така, и поради останувањето на одделни области без работна рака, бидејќи населението прекумерно се земало во византиската војска[263].

Вестите од Теофилакта за ,,речните царини" на Вардар не треба да се гледаат само еднострано, т. е. дека овие царини се земале исклучиво за државата. Сметаме дека крупните феудални господари, чии стопанства опфаќале големи пространства, во кои влегувале и делови од реки и сл., располагале со свои бродови за премин на реката и дел од царините користеле за себе. На пример, споменатите од Идризи кораби со кои се ловело риба на Охридско Езеро[264], не може да се каже дека некои од нив не им припаѓале и на феудални господари. Тоа важело и за оние бротчиња што се користеле за премин на Вардар. Веста од Теофилакт дека на Вардар немало мостови поради ,,проклетите речни царини" може да се сфати и така: многубројните пронијари кои добиле делови или цели села и

---

[259]. Theophyl., col. 472, C—D. Со лакт се мереле димензиите на бродовите во должина, ширина и длабочина (Сп. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине. . ., стр. 20).

[260]. Theophyl., col. 472, D. Споредувајќи, Теофилакт пишува: ,,Тоа коритенце ми дава повод да и ставам на реката и трето име Ахерон". Реката Ахерон се наоѓала во Тесалија и се влевала во Јонско Море. Според грчката митологија, сите грчки мртовци требало да ја препливаат оваа река со една мала лотка што ја управувал Харон, кој добивал од секој мртовец по еден овол (пара) и затоа Грците ставале на устата на секој мртовец по еден овол за да му плати на Харон (Сп. М. Симеон, Писмата, стр. 155).

[261]. В. Николаев, Феодални отношения. . ., стр. 187—188.

[262]. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 332, бел. 79.

[263]. ,,Historija naroda Jugoslavije", I, стр. 309—310.

[264]. Б. Недков, България и съседните й земи. . ., стр. 37.

по Вардар, за да се користат од приходите на имотот доживотно, не биле склони да изградуваат мостови, туку употребувале бродови за премин на реката и од сите корисници на бродовите наплатувале царина. Имало случаи одделни крупни манастири (на море) да поседуваат свои лаѓи со кои вршеле поморска трговија[265]. Постојат податоци од XI век, кои говорат дека Лаврата Атинска имала седум бродови кои во време на Алексиј I Комнен биле намалени на четири. Овие четири бродови по силата на ексkусијата биле ослободени од секакви ангарии и такси[266]. Што значи, по силата на имунитетот, кој им овозможувал на манастирите да собираат царина, тие место органите на централната власт за овие бродови биле ослободени од секакви такси за државата. Во документите на македонските манастири од XIV век стои дека некои манастири се ослободувале од „бродарина", т. е. од такса за премин на реките, и притоа таквите манастири ги добивале овие такси за себе. Така, манастирот, корисник на таквиот имунитет, освен што се ослободувал да плаќа царина како што правеле другите поданици на државата, се здобивал и со правото тој да собира царина за себе[267]. Освен во XIV век, кога по силата на имунитетот манастирските управи на одделните манастири во Македонија се претвориле во господари на бродовите со кои се преминувале реките низ нивните поседи[268], ексусијата на бродовите била обично присутна и во X—XII век, кога световните и црковните феудални господари се користеле од правото за своите бродови да не плаќат такси и исполнуваат ангарии[269]. Оттука е поправилно ако се заклучи дека „речните царини" оделе во полза како на државата, така и на феудалните господари, доколку тие располагале со соодветни имунитетни документи.

Од Теофилактовата кореспонденција може да се утврди дека и дел од канониконот се доставувал во пари. Во едно од своите писма архиепископот наведува дека канониконот се доставувал по „установената дидрахма"[270]. Поаѓајќи од овој податок, поубедливо можеме да не се сложиме со мислењето на Ив. Снегаров, кој се изјаснил дека „не е познато дали каноничниот данок се собирал во натура или во пари

---

265. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине. . ., стр. 20.

266. G. Roulland—P. Collnip, Actes de Lavra, I. Paris 1937, бр. 50. Сп. А П. Каждан, Экскуссия и экскуссаты. . ., стр. 191—194; М. М.Фрейденберг, Экскуссия в Византии XI—XII в., стр. 344.

267. Д. Ангелов, Аграрните отношения. . ., стр. 227—228. Споменатата „Бродарина" од XIV век одговарала на византискиот термин διαβατόν (ц. д., стр. 22]). Сп. и А. Соловјев — В. Мошин, Грчке повеље. . . стр. 419—420. Овде бродарината е прокоментарана дека имала пошироко значење отколку што се давало за користење на брод.

268. Д. Ангелов, Аграрните отношения. . ., стр. 228.

269. А. П. Каждан, Экскуссия и экскуссаты. . ., стр. 194. Каждан не е убедлив кога вели дека ексkусијата на бродовите немала ништо општо со имунитетот, ами дека таа била само даночна привилегија. Бродовите кои се ослободувале од такси и сл., сметаме, се користеле од феудалците и за наплатување за нив од превозот на патниците.

270. Theophyl., col. 513, A. Види според текстот од Будимпештанскиот ракопис кај Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 361, бел. 35.

и каков размер имал"[271]. И врз база на други извори ние укажавме, кога зборувавме за натуралната рента, дека канониконот се земал како во натура така и во пари. Го истакнавме и тоа дека размерот на овој данок зависел од бројот на домаќинствата во селата. Споменатата погоре „дидрахма", со која се плаќал паричниот дел на конониконот, јасно покажува дека тој се плаќал и во пари.

Во науката постои несклагање по однос на размерот на паричното плаќање на канониконот. Според Ксанаталтос, „дидрахмата" била мала давачка, која можеби изнесувала 1/6 златна номизма[272]. Дека бил незначителен размерот на канониконот кога се плчќал во пари, се изјаснил и Лишев[273]. Сосема друго гледиште прифатил Литаврин. Тој смета дека канониконот не бил незначителен данок. Според него, паричниот дел на канониконот изнесувал можеби повеќе од 1/3 од основниот данок[274]. Ваквото пресметување на канониконот не му изгледало убедливо на А. Каждан. Тој смета дека Литаврин некритички го усвоил мислењето на Лишев, кога тој врз основа на вестите од Анзберт за договорот од 1190 година, со кој се вршело размена на германската сребрена марка со византиската златна монета — перперот — се изјаснил дела станувало збор за соодност меѓу златото и среброто[275]. Според Каждан, во споменатиот договор станувало збор за соодносот меѓу германската и византиската монета. Затоа тој смета дека неправилно е да се обопштува вредноста на златната монета за подолг период, бидејќи со текот на времето содржината на златото во византиската монета се намалила. Освен тоа не треба да се прави споредување на сметките од XI век со оние од крајот на XII век, зашто соодносот меѓу византиските и западноевропските монети постојано варирал[276].

Иако претпоставката од Литаврин за размеорт на паричниот дел на канониконот трпи извесна критика, сепак си останува фактот дека овој вид данок и носел големи парични средства на црквата. Податокот дека Теофилакт располагал со големи количини златни пари,[277] кои по сè изгледа дошле и како резултат од одземањето на канониконот, кој го собирале епископите во нивните епархии[278], сведочи дека „установената дидрахма" носела не мали парични суми, како за архиепископот така и за епископите.

---

[271]. Ив. Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия. . ., I, стр. 300. Снегаров нема право кога вели дека „годишни епархијални парични доставки немало барем до тоа време, кога такви биле воведени во Цариградската црква за митрополитите (во 1324)".

[272]. D. A. Xanalatos, Beiträge. . ., S. 39. Сп. F. Dölger, BZ, 35 (1935), S. 13, Anm. 2.

[273]. Ст. Лишев, За проникването и ролята на парите във феодална България стр. 152—153.

[274]. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, сър. 361—362.

[275]. Ст. Лишев, За проникването и ролята на парите. . ., стр. 145—146; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 359—360.

[276]. А. П. Каждан, Рец. на „Болгария и Византия. . .", стр. 101—102.

[277]. Theophyl., col. 445, C; 500, A.

[278]. Затоа даночните чиновници ги сметале епископите за големи богаташи (Theophyl., col. 316, C).

Освен преку овој данок, архиепископот и неговите високи органи добивале големи парични средства и од лицата кои се здобивале со свештенички чин. Овие лица давале по седум златни номизми. Исто така и од венчавка се добивала една златна номизма од младоженецот и 12 лакта платно од невестата. Се земало пари и од оние лица кои се суделе на црковни судови.[279] Самиот Теофилакт бил обвинет дека на осудените од црквата за многуженство, престап во бракот и на оние што станале еретици им ги конфискувал нивните и лозјата[280]. Покрај тоа, се земало такси и од оние што добивале државни чинови, како и од оние што биле посветувани во епископи и митрополити. Ваквите такси биле доста големи[281].

Гореспоменативе видови давачки, кои се одземале од населението на Македонија за византиската држава и феудалците, не може да се каже дека ја одразуваат целосно паричната рента. Секако дека постоеле и други видови давачки во пари кои не ги спомнал Теофилакт во својата кореспонденција. Исто така од феудалните господари зависело доста дали зависното население ќе плаќа поголеми парични суми или не. Од нивната волја зависело, на пример, дали централизираната рента ќе се одзема во рамките на определените државни норми или пак ќе биде зголемена. И од волјата на државните чиновници многу зависело дали паричната рента ќе се зголеми. Така, на пример, Теофилакт известува дека селото Могила го владеела црквата без да плаќа за него, користејќи се притоа од добрата волја на државниот даночен чиновник[282]. Дека собирањето на паричните даноци доста зависело од волјата на чиновниците, Теофилакт соопштува и во писмото испратено до Вриениј. Во ова писмо Теофилакт пишува дека општината, која сакала повторно да ја избере Архиепископијата за свој господар, била заплашувана од даночниот чиновник дека ќе ги зголеми даноците ако го стори тоа. И навистина, кога општината поминала под господство на црквата и кога се посакало сите селани да бидат оданочени во зависност од својата имотна положба, а и да им се предаде списокот, државниот чиновник, погоден, се заканил дека „кога ќе се опише даноспособноста на секого" ќе посакал црквата да плаќа за првиот како за седмиот и сите „сакале не сакале ќе плателе толку". Чиновникот дури се изразил: „Кој ќе се спротивстави на мојата волја? И ќе ме суди ако способниот да плати толку јас го оценам за толку?"[283]

Подолу во истото писмо Теофилакт соопштува дека навистина даночниот чиновник ја измерувал земјата како што сакал. Ја скусувал

---

279. Jus Graeco-Romanum, III, p. 321, 366—367. Сп. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 362; Г. Цанкова-Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 14.

280. Theophyl., col. 444, D—445, A.

281. Сп.: F. Dölger, Zum Gebührenwesen der Byzantiner. . ., S. 5—6; Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента..., стр. 15—16.

282. Theophyl., col., 533, D.

283. Ibid., col. 449, C—D.

мерката на јажето и сл.[284]. Исто така и во друго писмо архиепископот се жали дека земјата се измерувала „по скоковите на болвата"[285]. Сето ова пак покажува дека во Византија немало регулирано единствен начин за мерење на земјата[286].

Како што гледаме, вестите од Теофилактовата кореспонденција овозможуваат да се набележат осетните промени што настанале во даночниот систем на Византија во XI и XII век. Тие биле резултат од развитокот на феудализмот, кој зел засилен замав особено од втората половина на XI век, кога на власт дошла крупната провинциска аристократија. Од ова време византиската држава станувала сè повеќе феудална. Тоа пак овозможило да дојде до израз централизираната феудална рента. Со растежот на крупниот феудален земјопосед се отишло напред и во развитокот на приватносопственичката рента. Сите овие промени, се разбира, влијаеле да се разрушуваат принципите на стариот (римски) начин на оданочување. Од писмата на Теофилакта не се добива претстава дека Диоклецијановиот југум, кој значел општа финансиско-стопанска единица, наполно бил отфлен при определувањето на размерот на давачките, базирани врз имотната способност на данокоплаќачите. Веста од Теофилакта дека данокоспособноста се определувала според имотната положба на луѓето, при што ѕевгарот се земал како финансиска и стопанска единица, говори дека стариот начин на оданочување не бил наполно отфрлен[287]. Промените околу оданочувањето на македонското население, се состоеле во тоа што феудалците, добивајќи право да ги собираат државните даноци, кои во XI—XII век биле повеќето одземани во пари и претсавувале централизирана феудална рента, ги смешувале со приватносопственичката рента. Не водејќи притоа сметка за даночните норми кои ги определувала државата, феудалците ја одземале рентата според обичајот, односно традицијата[288]. На овој начин селаните се обременувале со поголеми давачки,

---

[284]. Ibid., col. 452, A—B. Една модија земја изнесувала две јажиња во должина и едно во ширина (околу 840 м;). Сп.: F. Dölger, Beiträge. . ., S. 85; Г. Цанкова—Петкова, Феодалното земавладение. . ., стр. 281, бел. 10. Во XIV век на византиската модија одговарал терминот мътъ, кој изнесувал околу 684 м² (Сп. А. Соловјев — В. Мошин, Грчке повеље. . ., стр. 399); Ив. Божић, Доходак царски. Београд 1956, стр. стр. 50; Е. П. Наумов, К вопросу об еволуции феодальной ренты в Сербии, Северной и Централной Македонии и Зете в первой половине XIV в. Учение записки инст. славяноведения, т. XXIV (1962), стр. 20).

[285]. Theophyl., col. 316, B.

[286]. Сп. за различните мерења на земјата кај: Ф. И. Успенский, Византийские землемеры. Наблюдения по истории сельского хозяйства. Труды VI Археологического съезда в Одесе, т. II. Одеса 1888, стр. 279 сл.; Г. Г. Литаврин, Налоговая политика Византии в Болгарии в 1018—1185 г. Византийский временик, X (1956), стр. 101 сл.; Г. Цанкова—Петкова, Феодалното земевладение. . ., стр. 282 сл.; П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 87, сл.

[287]. Сп.: Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 215 сл.; Г. Цанкова—Петкова, Феодальная рента. . ., стр. 9.

[288]. П. Тивчев, За класовата борба. . ., стр. 87; Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия, стр. 319.

отколку што било случај пред да потпаднат под власта на феудални господари. Тоа се гледа и од Теофилактовото писмо, испратено до Адријан, братот на императорот, во кое архиепископот пишува дека парикот Лазар нашол доста следбеници во борбата против „тиранијата на архиепископот" и меѓу селаните на црквата. Лазар им ветил, од името на државниот даночен чиновник, „ако се бунтуваат" дека ќе им бидат олеснети обврските, а кое нешто тие го сакале „како мед"[289]. Овие податоци гоothат против определувањето на Николаев, кој навел дека имало моменти кога „интересите на архиепископот се поклопувале со интересите на самото население по однос на централната императорска власт"[290]. Од овие податоци може да се извлече заклучок дека феудалната експлоатација станувала сè потешка и дека црквата како феудална институција го зголемила размерот на давачките определени со стариот начин на оданочување, бидејќи сега било невозможно рентата (работна, натурална и парична) да се реализира преку старите методи[291].

Постојаните војни што ги водела Византија во време на Акексиј I Комнен исто така влијаеле на македонскиот народ да му се наложуваат дополнителни давачки. Смалувањето на приходите од Мала Азија, поради турските завладувања, исто така влијаело Македонија да се претвори во доходна провинција на Византија[292]. Македонското население ранело голем дел од византиската армија. Ова население исто така ранело и огромен воено-административен апарат. Кога на тоа ќе се додадат обврските на населението спрема државата и феудалните господари, тогаш станува уште појасно зошто архиепископот Теофилакт морал да го покаже на видело бробеното расположение на македонскиот нард, кога во своите писма навел дека работите во Македонија биле пред „сеништето на војната"[293], дека во оваа земја се пеела „борбена и победоносна песна"[294], потоа дека населението чезнеело за своите честити времиња[295], настојувало да се оттргне од јаремот на парикијата[296] итн. Сето тоа пак говори дека отпорот на македоскиот народ од ден на ден станувал сè помасовен, бидејќи феудалната експлоатација и политичко-духовниот гнет биле се по не издржливи.

---

289. Theophyl., col. 457, B—C.

290. В. Николаев, Феодални отношения. . ., ст. 111. Сп. ја критиката од Литаврин („Налоговая политика Византии в Болгарии в 1018—1185", стр. 107).

291. М. М. Фрейденберг, О феодальной вотчине. . ., стр. 15.

292. Д. Цухлевъ, История на Българската църква, I. София 1910, стр. 848; Ф. И. Успенский, История Византийской империи, III. Москва—Ленинград 1948, стр. 131—132.

293. Theophyl., col. 376, B.

294. Ibid., col. 308, B; 508, C.

295. Ibidem.

296. Ibid., col. 444, C.

*Branko Panov*

# IMMUNITY AND FEUDAL RENT IN MACEDONIA IN THE 11TH AND 12TH CENTURIES ACCORDING TO THE LETTERS OF TEOFILAKT OF OHRID

(*Summary*)

Working mainly on the basis of the data from the letters of Teofilakt of Ohrid, the author presents the developing process of immunity and feudal rent in Macedonia in the 11th and 12th centuries, at the time of Alexei I Comnenius (1081—1118). The letters of Teofilakt of Ohrid confirm the fact that the process of the development of feudalism had been speeded up. As a result of this, the over-all church and monastery and the religious feudal estate increased perceptibly. This again had the effect of reinforcing the struggle of the feudal lords to win greater independence. The great feudal lords endeavoured in various ways to increase their financial and their administrative and judicial privileges. The phenomenon of the taking over of particular state privileges for personal ends became more frequent. In the correspondence of Teofilakt of Ohrid several pieces of information are to be found which speak of the ways in which the feudal lords attemted to prevent the state from interfering in their feudal economy. The fact that the feudal lords had at theis disposal a large number of financial privileges is established from the data of Teofilakt. Their administrative and judicial privileges were as yet quite limited. On account of a strengthening of the central government during the time of the Comneniuses, the feudal lords could not during this period ensure complete immunity. It was rare during this period for any feudal lords to have such immunity at their disposal. Those who did have such had received it as a special dispensation. The author therefore concludes that at the time when Teofilakt was Archbishop of Ohrid the feudal lords had at their disposal only a limited and frequently temporary immunity.

The devolopment of the immunity is closely connected with the development of feudal rent. From the data in Tefilakt's transcript, the author has established the fact that the state taxes and obligations during this period more and more took on the character of a feudal rent. With the strengthening of the feudal ties the development of the centralised rent made considerable progress. On the other hand the feudal lords, obtaining the right to collect the state taxes on their own lands, moved in the direction of the development of the private-ownership feudal rent. In the collection of the rent the feudal lords did not always adhere to the state norms, but rather acted according to some unwritten right. This led to a situation where the taxpayers contributed more than they had given to the state when they had lived in free rural districts. The data of Teofilakt bring to light the three sorts of feudal rent: in work, in kind, and in money. The population of Macedonia carried out unpaid work for the state and the feudal lords in as far as they were feudally dependent. The rent in kind was very varied. During this period the money rent was of a considercble size. From the transcript of Teofilakt of Ohrid it has been established that the basic land tax was the ζευγολόγιον, which is found in

other sources under the tiles ζευγαρατίκιον, σιταρκία, etc. The ζευγάριον was the basic financial and economic unit by which the scale of the was determined. The scale of this tax depended upon the quality and size of the workable area and also upon the number of working animals. Apart from this, collection was also made of the καπνικόν, ἐννόμιον, ἀερικόν, μυλοπάκτον, βιβαροπάκτον, the river dues, the marriage taxes, taxes for the obtaining of state and church titles, a part of the κανωνικόν which was collected for the Archbishopric of Ohrid, and also numerous dues and taxes which Teofilakr mentions in his transcript.

From the data of Teofilakt's correspondence it becomes clear on the whole that towards the end of the llth and at the beginning of the 12th century the Macedonian population was saddled with heavy taxes and duties. This in turn had the effect of strengthening the class and liberation struggle of the Macedonian people in this period.